- **СТО - стопанство (производство, дистрибуција и сервиси)**
  Постојна работна зона и Идна работна зона

Согласно ДУП за Индустриска зона север на овој простор основна класа на намена на градежното земјиште е:

- **Лесна индустрија, занаетчиство и трговија**

4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА НА ДОНЕСУВАЧОТ НА ПЛАНОТ, АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Согласно Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Штип за 2013 година, број: 07-9195/1 од 25.12.2012 год. во делот: 1; точка 1.2.2, потребно е да се изработи:

- **Детален урбанистички план за дел од Индустриска зона Север, уп5 и 6, КО штип, ОпШтина штип**

Границите на планскиот опфат се дефинирани со ДУП за Индустриска зона север и ГУП на град Штип.

Согласно ГУП за град Штип на овој простор се задржува примарната намена на градежното земјиште:

СТО-стопанство(производство, дистрибуција и сервиси) Постојна работна зона и Идна работна зона

На овој простор е изработен Детален урбанистички план, насловен како ДУП за Индустриска зона север (одлука бр. 0805-629/1 од 09.03.1989год).

Сите примарни параметри и нумерички податоци се превземени од ДУП за Индустриска зона север и ГУП за град Штип. Овие податоци се однесуваат на:

- дефинирана намена на просторот на ниво на градежна парцела;
- примарната улична мрежа;

- Деталниот урбанистички план со законска регулатива треба да предложи решенија кои ќе обезбедат точен степен на искористеност на градежното земјиште, да се постигне висок стандард во однос на површината, квалитетна градба со употреба на квалитетни и современи материјали со цел да се постигнат естетски вредности на објектите, а со тоа и на просторот;
- Во однос на структурата на градежната парцела, степенот на изграденост и коефициентот на искористување, - потребно е да се дефинираат параметри и нумерички податоци кои се согласни со големината на објектите и градежната парцела;
- Пристапот до планскиот опфат, т.е. сообраќајната инфраструктура ќе се преземе од ДУП за Индустриска зона север (одлука бр. 0805-629/1 од 09.03.1989год). и до него ќе се пристапува од Сервисната улица и Индустриска улица1 и 2;
- Внатрешниот сообраќај во планскиот опфат ќе се решава во следна фаза со Основен проект за секоја градежна парцела посебно;

- Комуналната инфраструктура е реализирана за потребите на дел од изградените градби, а со овој Детален урбанистички план ќе се понуди ново, современо реќение.

5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализа на просторот, анализа на можностите за развој и Планската програма.
Планскиот концепт е во директна зависност од постојната уреденост на просторот и можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е основата на која е поставен планскиот концепт.
Истиот е условен и од мерките за заштита и спасување.
Планскиот концепт е поставен на начин кој сето тоа го има како просторен квалитет и истото ќе го валоризира и ќе го заштити максимално.
Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни квалитети, изградените градби и просторно обликување со предвидените градби.
Овој плански документ (ДУП) има задача, врз основа на детална анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот да ги детерминира насоките на перспективниот развој согласно насоките од ГУП за град Штип.
Деталниот урбанистички план за дел од Индустриска зона Север, уп5 и 6, КО Штип, Општина Штип, преку документационата основа (анализа на постојната состојба и можностите за просторен развој) со планска определба треба да воспостави единствен урбанистички и сообраќаен концепт, реален во своите постапки со кои ќе се овозможи крајната цел - реализација на планот.

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Врз основа на Планската програма, планот предвидува една наменска употреба на градежното земјиште.
Намена на градежното земјиште во предметниот Детален урбанистички план за дел од Индустриска зона Север, уп5 и 6, КО Штип, Општина Штип, е дефинирана со ГУП за град Штип.
Согласно ГУП за град Штип на овој простор се задржува примарната намена на градежното земјиште:

- **СТО-стопанство (производство, дистрибуција и сервиси)**
  Постојна работна зона и Идна работна зона

Согласно Планската програма и Детален урбанистички план за дел од Индустриска зона Север, уп5 и 6, КО Штип, Општина Штип се предвидени следниве класи на намена на градежното земјиште:

Г- производство, дистрибуција и сервиси

- Г2-лесна и незагадувачка индустрија

Е-инфраструктура

- Е1-комунална инфраструктура-сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и телекомуникациска инфраструктура
- Е2-комунална супраструктура

Компатибилни класи на намена
- Б1-мали комерцијални и деловни намени
- Б2-големи трговски единици
- Г3-сервиси
- Г4-стоваришта

Према тоа како ќе се реализира планот и со кое темпо ќе се градат градбите, потребите за електроенергетско напојување ќе се планираат према технолошкиот процес кој ќе се одвива во градбите.

Со планските решенија се планира дефинирање на основните класи на намени и компатибилните класи на намени на основната класа на намена во границите на дозволениот процент (%) на учество на единичната класа на намена во однос на основната класа на намена во планот.

Во дел од опфатот се евидентирани бесправно изградени градби и истиот е потврден, т.е. нема намена.

6.2. Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Намена на градежното земјиште во предметниот Детален урбанистички план за дел од Индустриска зона Север, уп5 и 6, КО Штип, Општина Штип е следно:

Група на класа на намена
Г- производство, дистрибуција и сервиси

Основна класа на намена
- **Г2-лесна и незагадувачка индустрија**
- **Е1-комунална инфраструктура-сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и телекомуникациска инфраструктура**
- **Е2-комунална супраструктура**

Компатибилни класи на намена
- **Б1-мали комерцијални и деловни намени**
- **Б2-големи трговски единици**
- **Г3-сервиси**
- **Г4-стовариШта**

6.3. ИНФРАСТРУКТУРА

- СООБРАЌАЈ

Состојбата на предметниот простор, во делот на сообраќајна инфраструктурна мрежа е следна:
Со ДУП за Индустриска зона север е изработена детална сообраќајна инфраструктурна мрежа и истата ќе се задржи и во овој Детален план.
Од Магистралната улица предвидена е Сервисна улица со профил од 12м, т.е. 9м. На Југ се надоврзува Индустриска улица1 со профил од 9м. Директен пристап до градежните парцели е обезбеден преку Индистриска улица2-крак со профил од 9м од Западната страна.

Сите улици се новопланирани, т.е. преземени од ДУП за индустриска зона север. Истите се со различен профил на и тоа:

- 12м (2*4.5коловоз+2*1.5тротоар)
- 9м (2*3.0коловоз+2*1.5тротоар)

Внатрешниот сообраќај ќе се решава во следна фаза, преку изработка на Основен проект за секоја градежна парцела одделно.

- ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

На предметниот простор се предвидува новопланирана хидротехничка инфраструктура, поради тоа што постојната не ги задоволува потребите на корисниците на просторот.

- ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Водоснабдувањето на планскиот опфат ќе се обезбеди преку градската водоводна инфраструктурна мрежа. Во прилогот број 3, Инфраструктурен план се гледа поврзувањето на објектите со градската водоснабдителна мрежа, од север.
На просторот што го зафаќа предметниот ДУП водоснабдувањето ќе се обезбедува преку примарна водоводна мрежа од цевки ф 80мм и ф110мм поставени по планираната улична мрежа на ниво на плански опфат.

Секундарната водоводна мрежа ќе биде дефинирана со основниот проект за секоја градба одделно.

Минималниот дијаметар на примарната мрежа ќе изнесува ДН 80 и 110 мм, со што ќе се задоволат барањата за противпожарна заштита. За противпожарна заштита се предвидуваат хидранти кои ќе бидат изведени према Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (Сл.весник на РМ бр. 31/2006).

- КАНАЛИЗАЦИЈА

За предметниот простор во делот на фекалната и атмосферската канализација се планира ново решение, поради тоа што старото не ги задоволува потребите на корисниците. Атмосферска канализација не постои за просторот, затоа се планира целосно нова инфраструктура, која пак ќе се поврзе со градската.

Фекална канализациона мрежа

Примарната фекална канализациона мрежа ќе се изведе од цевки со минимален пречник од 300 мм и истите се дефинирани зависно од расположивите теренски услови (падови на улиците).

На канализаицоната мрежа ќе се изведат ревизиони и приклучни шахти и др. објекти потребни за функционирање на мрежата.
Фекалната канализациона мрежа ќе се приклучи на градската колекторска канализациона мрежа на град Штип.

Атмосферска канализациона мрежа

На просторот не постои мрежа за зафаќање на атмосферските води. Планирана е нова инфраструктурна мрежа која ќе се поврзе со градската.

- ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА И ПТТ ИНФРАСТРУКТУРА

Електроенергетска мрежа и јавно осветлување

Со планските решенија се планира дефинирање на основните класи на намени и компатибилните класи на намени на основната класа на намена во границите на дозволениот процент (%) на учество на единичната класа на намена во однос на основната класа на намена во планот.
Со планските решенија во делот на електро енергетската инфраструктура се предвидува проширување на електроенергетската инфраструктура, т.е. ќе се задржи постојната и ќе се надогради.
За потребите на новите градби предвидена е градежна парцела **ГП1.6** за трафостаница ТС Туртел, т.е. потврдена е постојната и дадена е можност за зголемување на нејзината моќност или изградба на нова.

Телефонска мрежа

Просторот има приклучоци на телефонската мрежа на Македонски Телеком. Доколку се јави потреба од зголемување на приклучоците истото ќе биде направено во следна фаза, Основни проекти за градбите.

6. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

7.1. Плански мерки за заШтита на животната средина

Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење не постојат објекти од таков вид кои би влијаеле на загрозување на животната средина.
Во однос на реализацијата на системот на заштита на животната средина при планирањето треба да се почитува Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05) и Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.весник на РМ бр.74/05).
Правото на граѓаните да им се овозможи чиста и здрава животна средина е должност на Општината, како и на сите правни и физички лица, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина.
При утврдување на потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина, врз основа на проект, земајќи ја во предвид чувствителноста на животната средина во географските подрачја за коишто постои веројатност дека ќе бидат засегнати со проектот, е должен да води сметка за: - постојна и планирана намена на градежнот земјиште.
- изобилство, квалитетот и регенеративниот капацитет на природните ресурси во подрачјето, и/или
- апсорпциски капацитет на животната средина.

Грижата за здрава и чиста животна средина е во функција на задоволување на потрбите за здрава животна средина, како и социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без при тоа да се загрозат правата на идните генерации.

Заштита и унапредување на животната средина е **систем на мерки** и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание врз одделни области на животната средина.

Оцена на влијанието врз животната средина е процена на можните влијанија на одредени плански документи, проекти и планирани активности врз животната средина.

За поефикасно да се следи состојбата се врши Мониторинг на животната средина преку:

Систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата и областите на животната средина.

Заради управување со податоците за состојбата на животната средина потребно е да се воспостави **Информативен систем** за животна средина. Тој има за цел да обезбеди база на релевантни податоци-сеопфатни, точни и јавно достапни податоци и информации за состојбата на природата, состојбата, квалитетот и за трендовите во сите медиуми и области на животната средина, како и предвидувања со употреба на техниките за моделирање.

Со законот за животна средина, се препорачува изготвување на **Регистар на** загадувачките материи и супстанции и нивните карактеристики. Правните и физички лица се должни да доставуваат податоци за изготвување и одржувањето на регистарот.

Катастарот за животната средина ги вклучува во себе Катастарот на загадувачите на воздухот, водите и на почвата, Катастарот на создавачи на бучава, Катастарот на создавачите на отпад, Катастарот на заштитените подрачја и други катастари утврдени со посебни закони.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната организација на урбаниот опфат.

Со систем на планирање во рамките на заштитата на животната средина се насочува и усогласува реализирањето на економските, техничките, научните, образовните организациските и на другите мерки и активности, како и на мерките за спроведување на обврските, со цел да се заштити и унапреди животната средина и да се обезбеди одржлив развој.

Плански документи за заштита на животната средина кои се носат се Акциони планови. Постојат Национален акционен план за животна средина, Локални акциони планови.

Локалните акциони планови за животна средина, врз основа на оцената за степенот на загаденост на животната средина во дадено подрачје, содржат среднорочни и долгорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето,од интерес и во надлежност на општината и тоа:

- Заштита на воздухот од загадувањеи за подобрување на квалитетот на воздухот;
- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалувања на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на

опасни супстанции во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Управување со отпад;
- Заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопанските и други дејности и активности.
- Урбан развој и просторно планирање;
- Развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето;
- Зголемување на енергетската ефикасност;
- Развој на еколошко-културниот туризам и неговото влијание врз животната средина;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните богатства;
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина
- Последиците од економскиот развој врз животната средина и
- Надлежните субјекти за спроведување на одделните елементи на планот.

7.2. Културно наследство и природни реткости

На предметниот простор **не се регистрирани** постојни споменички целини и градби од недвижното културно историско наследство или природно наслество.
Согласно одредбата од член 65, став 1, од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр.2/04), инвеститорот е должен доколку наиде на остатоци од културно наследство да ги запре градежните активности и ја извести НУ Завод и Музеј Штип.
Врз основа на одредени критериуми и валоризација на просторот на подрачјето на планскиот опфат на предметниот ДУП, не се утврдени објекти или предели кои се сметаат за природни богатства и како такви треба да бидат ставени под посебен вид на заштита.

7.3. Мерки за заШтита и спасување

Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со закон за Заштита и спасување (Сл. Весник на РМ36/04, 49/04 и 86/08).
Изработката на Детален урбанистички план за дел од Индустриска зона Север, уп5 и 6, КО Штип, Општина Штип, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на **Проценката на загрозеноста** на опфатот на кој се однесува предметниот детален урбанистички план.
Системот за заштита и спасување се остварува преку:
- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;

- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;
- Одредување и изведувањена заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасувањето, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат **План за заШтита и спасување** од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии и епифитотии и други несреќи.

Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување.

Планот го донесува Советот на Општината.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
- Во проектите за објекти и технолошко процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзините деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- При изградба на објекти и инфраструктура.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително треба да се обезбеди:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмчки дејства;
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи;
- Обезбедување на противпожарни пречки;
- Изградба на објекти за заштита;
- Изградба на потребна инфраструктра.

Мерки за заштита и спасување се;

- Евакуација;
- Засолнување;
- Згрижување на настраданото и загрозено население;
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- Спасување од урнатини;
- Заштита и спасување од поплави;
- Заштита и спасување од пожари;
- Заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
- Прва медицинска помош;
- Заштита и спасување на животни и растенија и производи од нивно потелко;
- Асанација на теренот;

Други мерки за заштита и спасување што би се појавиле за време и по природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

7.4. Мерки за заШтита од пожар

Мерките за заштита од пожари се пропишани согласно Законот за заштита и спасување (Сл.Весник 36/04, 49/04 и 86/08) и Законот за пожарникарство (Сл.Весник 67/04)
Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- Сообраќајна инфраструктура со нивелманско решение и со проектни елементи на улиците;
- Заштитни појаси помеѓу одделни класи на наменска употреба на земјиштето;
- Елементи на партерот, како потпорни ѕидови, огради, ормарчиња за електро, односно телекомуникациски инсталации, насади и други партерни елементи, како бариери за движење и интервенција на ПП-возилата;
- Надворешна хидрантска мрежа;
- Водење на друга инфраструктурна мрежа;
- Да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Во случај на пожар планираната улична мрежа со своите планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат непречена интервенција на противпожарни возила.
Запазени се растојанијата на улиците до објектите, односно елементите на партерот, за непречена манипулација на ПП возилата.
Предвидена е надворешна хидрантска мрежа околу објектите, а нејзината поставка е во согласност со ПП норми и стандарди.
Водење на другата инфраструктура е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија.

7.5. Мерки за заШтита од воени разурнувања

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија.
Во случај на воени разурнувања планираната улична мрежа со своите планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат:

- Брза и непречена евакуација на населението, жителите на населбата;
- Брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- Непречена интервенција во кругот на катастрофата;
- Штетите да се сведат на минимум;
- Брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од аспект на заштита од воени разурнувања.

Не се очекува затрупување на улиците со урнатини бидејќи градбите се доволно одалечени од улиците.
Можни се директни воени воздушни удари на инфраструктурната мрежа и нивно оштетување.
Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со посебниот елаборат за заштита од воени разурнувања, како составен дел на Основниот проект.
Се предвидува изградба на засолниште во рамките на секоја градежна парцела за свои потреби, при точно утврдени параметри и нормативни услови за димензионирање на засолништето, што ќе произлезат од Основниот проект за секој поединечен објект или комплекс од градби.
Потребните капацитети на објектите за заштита се определуваат во зависност од површината, видот и намената на инвестициониот објект. Минимум едно засолнишно место се определува на секои:

- 15м^2 површина за јавни објекти
- 20м^2 корисна површина за деловни, занаетчиски и угостителски објекти.
- 30м^2 корисна површина на школи, градинки и други објекти.
- 45м^2 корисна површина за станбени објекти и др.

7.6. Мерки за заШтита од природни катастрофи

Земјотрес со поголем интензитет е можна природна катастрофа на овој локалитет. Се предвидува асеизмичка градба, како можна превенција. Во случај на можни разурнувања, планските мерки на уличната мрежа овозможуваат:

- Брза и непречена евакуација на населението, жителите на населбата;
- Брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- Непречена интервенција во кругот на катастрофата;
- Штетите да се сведат на минимум;
- Брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.
Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборате за асеизмичка градба во делот на статиката и динамичка анализа на објектите, како составен дел на Основниот проект.

7.7. Плански мерки за создавање услови за движење за хендикепирани лица.

Се предвидуваат следните плански мерки за создавање услови за непречено движење на инвалидизираните и хендикепирани лица

- јавните пешачки површини, улици, пристапите до објектите, мора да се планирани и изведени на начин, кој ќе им овозможи на лицата кои користат инвалидски помагала или колички и други помагала (звучни сигнали и светлосни сигнали и сл.)

- за совладување на помали висински разлики со инвалидска количка се изведуваат рампи. За рампи се сметаат цврста, израмнета, рапава површина која поврзува две различни висини со наклон 1:20 (5%) со минимална широчина на рампата од 1,30м, со заштитна ограда од 0,90м.

- сите жардињери за цвеќе, украсни огради и други елементи не смеат да го спречуваат или отежнуваат движењето на инвалидизираните лица по пешачките патеки-тротоари.

8. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКА НА ФИНАНСИРАЊЕ

Процесот на урбанизација на просторот се одвива во општествено економски услови во кои иницијатива за обезбедување и подобрување на простор за работа, има значајно место и насочувачка улога во дефинирањето на перспективниот долгорочен развој. Во тој контекс, иницијативата и инвестициите за дооформување на Индустриската зона, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз непосредното окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти преку новопланираните содржини.

Фактори кои овозможуваат економска оправданост за изработка и понатамошна побрза реализација на планот се:

- Градежното земјиште е изградено, со делумно уредена инфраструктура, која ќе се надгради за да се подобрат постојните функции;
- Уличната мрежа во многу мал дел е изградена. Се планираат нови индустриски улици, преземени како матрица од ДУП за индустриска зона север;
- Инфраструктурата (водовод, канализација, атмосферска канализација, електрика како и телефонски инсталации) во мал дел е изведена. Со планот се предвидува целосно ново планско решение за целокупната инфраструктура на просторот.

Планскиот концепт предвидува урбанистичко планирање на просторот со основна цел:

- да обезбеди уредување на просторот со плански одредби кои ќе ја штитат и стимулираат квалитетната работна култура кај корисниците;
- сукцесивно зголемување на стекнатите права во однос на сопственоста на објектите и градежното земјиште;
- со плански одредби да ја зголеми вредноста на земјиштето и недвижнините.

Деталниот урбанистички план за дел од Индустриска зона Север, уп5 и 6, КО Штип, Општина Штип, со законска регулатива треба да предложи решенија кои ќе обезбедат поголем степен на искористеност на градежното земјиште, да се постигне висок степен во однос на површината, квалитетна градба со употреба на квалитетни и современи материјали со цел да се постигнат естетски вредности на објектите, а со тоа и на просторот.

Исто така ќе има и повратни ефекти од економски аспект, а тоа е нови вработувања, одреден приход од корисниците и сл.

9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за површината на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план, односно изготвување на претходни услови за изработка на Идејни решенија и Основни проекти.

граница на плански опфат, планска одредба со која се уредува границата на градежното земјиште за Детален урбанистички план за дел од Индустриска зона Север, уп5 и 6, КО Штип, Општина Штип, согласно ГУП за град Штип. Границата на планскиот опфат согласно член 6, став 2 и член 7, од - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 63/12 и 126/12).) е утврдена со ГУП за град Штип како и ДУП за индустриска зона север.

Планскиот опфат на предметниот ДУП е со следните граници:

- Северната граница оди по осовината на Магистралната улица М5 (Велес-Штип-Кочани);
- Западната граница оди по граница на формирани градежни парцели 5 и 6 по ДУП;
- Јужната граница оди по осовина на Индустриска улица1 по ДУП;
- Источната граница оди по осовината на Сервисна улица по ДУП.

Вкупната површина на планскиот опфат за кој се изработува Детален урбанистички план за дел од Индустриска зона Север, уп5 и 6, КО Штип, Општина Штип изнесува 2.2 хектари.

- граница на градежна парцела е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

- максимална височина на објектите

Максимално дозволената височина на градбите е формулирана како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот (во најчест случај се работи за условеност од технолошкиот процес).

Од максимално дозволената височина и површина за градење произлегуваат потребите за паркирање кои ќе се решаваат во рамките на сопствената градежна парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената височина и површина за градење во следна фаза Основен проект. Во конкретниов случај височината на градбите не е лимитирана.

- процент на изграденост на земјиШтето (Р)

- урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на ниво на ГП изнесува 60%. На ниво на опфат градежните парцели зафаќаат 74.77%;

- коефициент на искористеност на земјиШтето (К)

- урбанистичка величина која ја покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

За градежните парцели коефициентот се движи од 0.3 до 1.8.

10. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Во границите на планскиот опфат за кој се изработува предметниот Детален урбанистички план за дел од Индустриска зона Север, уп5 и 6, КО Штип, Општина Штип, ќе важат следните Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за секоја урбанистичка единица на градежно земјиште, во случајот градежна парцела чии што граници се утврдени во планот:

- намена на земјиШтето
Намената на градежното земјиште во рамките на планскиот опфат се уредува на ниво на градежни парцели, оформени во ДУП, а предвидена со ГУП за град Штип.

- градежна линија
планска одредба од графичкиот дел на планот која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.
Во графичките прилози е дадена градежната линија која дава површина за градење на која може да се гради.

- површина за градење
планска одредба од графичкиот дел на планот со која во предметниот план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење.
Кај градежните парцели со утврден простор, ограничен со градежни линии во кои е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост, истите треба да се разработат со архитектонско-урбанистички проект.
Во конкретниов случај следна фаза ќе биде изработка на Основни проекти за секоја градежна парцела посебно.

- максимална височина на градење
планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.
-За одредени градби, максимално дозволената височина на градбите е формулирана како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот (во најчест случај се работи за условеност од технолошкиот процес и обезбедување на потребниот број на паркинг места).
-При одредувањето на максималната височина на градбата се почитуваат стечените права од важечките урбанистички планови, па височината по правило се задржува или зголемува.
-Во конкретниов случај височината на градбите не е лимитирана.

- катност
Во конкретниов случај катноста на градбите е лимитирана на П+2 за градбите за лесна и незагадувачка индустрија, а П за градбата предвидена за трафостаница**.**

- височина на слеме
- планска одредба со која се утврдува највисоката точка на кровната конструкција и за истат треба да се почитува чл. 46, став 4.

- максимална височина на нултата плоча
со урбанистичкиот план се уредува висинската кота на приземната плоча на градбите т.н. нулта плоча во однос на котата на теренот (тротоарот).
Нултата кота во случајот не се одредува, т.е. ќе се постави во следна фаза према потребите на технолошките процеси, за секоја градежна парцела посебно.

10.1. **Г-производство, дистрибиција и сервиси**

Градежна парцела бр.1.1
Намена: ***Лесна и незагадувачка индустрија*** **Г2**
Пристап до ГП преку Индустриска улица бр.1

Површина на градежна парцела	5217.25м2
Мах. Процент на изграденост (Р)	60%
Мах. Коефициент на искористеност	1,8
Дозволена вкупна изградена површина на приземје	3130.35
Дозволена вкупна развиена површина од сите нивои	9391,05м2
Мах. број нивои	П+2
Мах. висина до венец	не се утврдува
Мах. височина од заштитниот тротоар до котата на подот на приземјето	ќе се утврди со Основен проект

Број на паркиралишни места
*според наменските потреби и барања, условени со архитектонско-урбанистички проект, согласно нормативи и прописи за планирање и проектирање (Сл.весник 63/12 и 126/12, член 59 и 61).
Компатибилна класа на намена Б1, Б2, Г3 и Г4 (вкупно 49%)

***следна фаза Основен проект.**

Градежна парцела бр.1.2
Намена: ***Лесна и незагадувачка индустрија*** **Г2**
Пристап до ГП преку Индустриска улица бр.2

Површина на градежна парцела	4005,20м2
Мах. Процент на изграденост (Р)	60%
Мах. Коефициент на искористеност	1,8
Дозволена вкупна изградена површина на приземје	2403,12м2
Дозволена вкупна развиена површина од сите нивои	7209,36м2
Мах. број нивои	П+2
Мах. висина до венец	не се утврдува
Мах. височина од заштитниот тротоар до котата на подот на приземјето	ќе се утврди со Основен проект

Број на паркиралишни места
*според наменските потреби и барања, условени со архитектонско-урбанистички проект, согласно нормативи и прописи за планирање и проектирање (Сл.весник 63/12 и 126/12, член 59 и 61).
Компатибилна класа на намена Б1, Б2, Г3 и Г4 (вкупно 49%)

***следна фаза Основен проект.**

Градежна парцела бр.1.3
*Намена: **Лесна и незагадувачка индустрија*** **Г2**
Пристап до ГП преку Индустриска улица бр.2

Површина на градежна парцела	4838.81м2
Мах. Процент на изграденост (Р)	60%
Мах. Коефициент на искористеност	1,8
Дозволена вкупна изградена површина на приземје	2903.28м2
Дозволена вкупна развиена површина од сите нивои	8709,84м2
Мах. број нивои	П+2
Мах. висина до венец	не се утврдува
Мах. височина од заштитниот тротоар до котата на подот на приземјето	ќе се утврди со Основен проект

Број на паркиралишни места
*според наменските потреби и барања, условени со архитектонско-урбанистички проект, согласно нормативи и прописи за планирање и проектирање (Сл.весник 63/12 и 126/12, член 59 и 61).
Компатибилна класа на намена Б1, Б2, Г3 и Г4 (вкупно 49%)

***следна фаза Основен проект.**

Градежна парцела бр.1.4
*Намена: **Лесна и незагадувачка индустрија*** **Г2**
Пристап до ГП преку Индустриска улица бр.2

Површина на градежна парцела	915.60м2
Мах. Процент на изграденост (Р)	35%
Мах. Коефициент на искористеност	1,0
Дозволена вкупна изградена површина на приземје	320.46м2
Дозволена вкупна развиена површина од сите нивои	961,38м2
Мах. број нивои	П+2
Мах. висина до венец	не се утврдува
Мах. височина од заштитниот тротоар до котата на подот на приземјето	ќе се утврди со Основен проект

Број на паркиралишни места
*според наменските потреби и барања, условени со архитектонско-урбанистички проект, согласно нормативи и прописи за планирање и проектирање (Сл.весник 63/12 и 126/12, член 59 и 61).
Компатибилна класа на намена Б1, Б2, Г3 и Г4 (вкупно 49%)

***следна фаза Основен проект.**

Градежна парцела бр.1.5
Намена: ***Лесна и незагадувачка индустрија*** **Г2**
Пристап до ГП преку Индустриска улица бр.2

Површина на градежна парцела	1431.15м2
Мах. Процент на изграденост (Р)	50%
Мах. Коефициент на искористеност	1,5
Дозволена вкупна изградена површина на приземје	715.57м2
Дозволена вкупна развиена површина од сите нивои	2146,71м2
Мах. број нивои	П+2
Мах. висина до венец	не се утврдува
Мах. височина од заштитниот тротоар до котата на подот на приземјето	ќе се утврди со Основен проект

Број на паркиралишни места
*според наменските потреби и барања, условени со архитектонско-урбанистички проект, согласно нормативи и прописи за планирање и проектирање (Сл.весник 63/12 и 126/12, член 59 и 61).
Компатибилна класа на намена Б1, Б2, Г3 и Г4 (вкупно 49%)

***следна фаза Основен проект.**

Градежна парцела бр.1.6
Намена: ***Комунална супраструктура-трафостаница*** **Е2**
Пристап до ГП преку Сервисна улица

Површина на градежна парцела	62,00м2
Мах. Процент на изграденост (Р)	28%
Мах. Коефициент на искористеност	0.3
Дозволена вкупна изградена површина на приземје	18,00м2

Дозволена вкупна развиена површина од сите нивои	18,00м2
Max. број нивои	П
Max. висина до венец	не се утврдува
Max. височина од заштитниот тротоар до котата на подот на приземјето	ќе се утврди со Основен проект

Број на паркиралишни места
*според наменските потреби и барања, условени со архитектонско-урбанистички проект, согласно нормативи и прописи за планирање и проектирање (Сл.весник 63/12 и 126/12, член 59 и 61).

Компатибилна класа на намена	не се утврдува

***следна фаза Основен проект.**

11.НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
планski опфат 2.2ха
ПЛАНСКИ ОДРЕДБИ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ

Градежна парцела	Класа на намена	Опис	Компатибилна класа на намена	Висина до венец	Катност	Површина на градежни парцели м^2	Површина за градење м^2	Вкупна бруто изградена развиена површина м^2	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност	Паркирање
1.1	Г2	лесна и незагадувачка индустрија	Г3-49% Г4-49% (max 49%)	не се одредува	П+2	5217.25	3130.35	9391.05	60%	1.8	чл. 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник бр. 63/12, 126/12)
1.2	Г2	лесна и незагадувачка индустрија	Г3-49% Г4-49% (max 49%)	не се одредува	П+2	4005.20	2403.12	7209.36	60%	1.8	
1.3	Г2	лесна и незагадувачка индустрија	Г3-49% Г4-49% (max 49%)	не се одредува	П+2	4838.81	2903.28	8709.84	60%	1.8	
1.4	Г2	лесна и незагадувачка индустрија	Г3-49% Г4-49% (max 49%)	не се одредува	П+2	915.60	320.46	961.38	35%	1.0	
1.5	Г2	лесна и незагадувачка индустрија	Г3-49% Г4-49% (max 49%)	не се одредува	П+2	1431.15	715.57	2146.71	50%	1.5	
1.6	Е2	комунална супраструктура	не се одредува	не се одредува	П	62.00	18.00	18.00	28%	0.3	

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
НА НИВО НА ОПФАТ

1.	Вкупна површина на опфатот	22475.41м^2	**100 %**
2.	**Г2**-лесна и незагадувачка индустрија Градежни парцели	16307.36м^2	**72.55%**
3.	**Е1**-комунална инфраструктура Колски и пешачки сообраќај	5471.29 м^2	**24.34%**
3.	**Е2**-комунална супраструктура Трафостаница	62.00 м^2	**0.27%**
4.	Простор на кој се евидентирани бесправни градби	634.76 м^2	**2.82%**

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1	Вкупна површина на опфат	22.475,41м^2	100%
2	Г2-лесна и незагадувачка индустрија градежни парцели	16.307,36м^2	72,55%
3	Е1-комунална инфраструктура Колски и пешачки сообраќај	5.471,29м^2	24,34%
	Е2-комунална супраструктура трафостаница	62,00м^2	0,27%
4	Процтор на кој се евидентирани бесправни градби	634,76м^2	2,82%

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1	Вкупна површина на опфат	22.475,41м^2	100%
2	Г2- стопанство	3.160,61м^2	14,06%
3	Е1-комунална инфраструктура Колски и пешачки сообраќај	5.065,24м^2	22,54%
4	Неизградена површина	14.249,56м^2	63,40%

11.3. ЕЛЕМЕНТИ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Водовод

На просторот што го зафаќа предметниот ДУП водоснабдувањето на планираните градби ќе се обезбедат преку примарна водоводна мрежа од цевки ф 80мм и ф110мм поставени по планираната улична мрежа на ниво на плански опфат.

Секундарната водоводна мрежа исто така ќе биде постојна но доколку се јави потреба ќе биде додефинирана со основните проекти за градбите.

Фекална канализациона мрежа

Примарната фекална канализациона мрежа ќе се изведе од цевки со минимален пречник од 300 мм и истите се дефинирани зависно од расположивите теренски услови (падови на улиците).

На канализаицоната мрежа ќе се изведат ревизиони и приклучни шахти и др. објекти потребни за функционирање на мрежата.
Фекалната канализациона мрежа ќе се приклучи на градската колекторска канализациона мрежа на град Штип.

Атмосферска канализациона мрежа

На просторот не постои мрежа за зафаќање на атмосферските води. Планирана е нова инфраструктурна мрежа која ќе се поврзе со градската.

11.4. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА УЛИЦИ И КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ

Профил на улици:

Сервисна улица L=202м
Коловоз 2*4,5m
Тротоари 2*1.5m ----------
Вкупно 12,00м

Индустриска улица бр.1 L=89м
Коловоз 2*3,0m
Тротоари 2*1.5m ----------
Вкупно 9,00м

Индустриска улица бр.2 L=107м
Коловоз 2*3,0m
Тротоари 2*1.5m ----------
Вкупно 9,00м

за работниот тим:

Илија Шалев, дипл.инж.арх.
овластување бр: 0.0028
планер на Детален урбанистички план за дел од Индустриска зона Север, уп5 и 6, КО Штип, Општина Штип

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:362

ДУП: За работна зона „Пребег“УЕ 58-Штип

Број: 18-2939 /2 од 10.04.2025 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0701-4323/1 од 29.06.2011год.

08-3772/1 од 29.06.2018 год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип- 1 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план
   - Легенда
   - Табела со нумерички показатели

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

Sonja Gjeorgievska

Digitally signed by Sonja Gjeorgievska
DN: c=MK, o=OPShTINA ShTIP, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, ou=OPShTINA ShTIP:4029005130584, givenName=Sonja, serialNumber=CRT3652429, sn=Gjeorgievska, cn=Sonja Gjeorgievska
Date: 2025.04.10 12:01:59 +02'00'

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов

Lazar Hadji Nikolov

Digitally signed by Lazar Hadji Nikolov
Date: 2025.04.14 11:20:34 +02'00'

граница на опфат

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

број на пар.	Намена на парцела	мкс. кигама	површина на парцела (м2)	п (м2) градба	бруто подземно ниво	паркинг места во подземно ниво	надземно ниво
			УРБАН ОПФАТ ДЕЛ 1				
1.1	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	5514	1730	3496	16	18
1.3	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	8197	3450	6900	39	30
1.5	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	4228	2628	5256	12	/
1.6	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	3550	1173	2346	23	/
1.7	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	3830	1080	2620	19	/
1.8	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	4040	3186	4670	45	/
1.9	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	4132	2640	5320	53	/
1.10	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	4042	2640	5280	50	/
1.11	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	3946	1430	2860	28	/
1.12	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	5843	2313	4626	40	/
1.13	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	2648	1507	3014	30	/
1.14	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	2530	1500	3000	30	/
1.15	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	2148	1040	2080	20	/
1.16	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	2270	1122	2244	22	/
1.17	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	1296	570	1140	11	/
1.18	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	1178	547	1134	11	/
1.19	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	4678	2740	5480	54	/
1.20	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	3038	2052	4104	40	/
1.21	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	4082	2057	4114	30	11
1.22	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	2832	1413	2826	20	8
1.23	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	1629	840	1680	12	7
1.24	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	868	546	1092	6	4
1.25	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	2466	1296	2612	15	10
			Бесправна градба				
			Бесправна градба				
1.28	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	1439	838	1676	12	9
1.29	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	5545	2628	5256	38	15
ТС-1	ТРАФОСТАНИЦА ГЗ	Нмн=3.0м(Т)	43	/	/	/	/
ТС-3	ТРАФОСТАНИЦА ГЗ	Нмн=3.0м(Т)	51	/	/	/	/
ТС-4	ТРАФОСТАНИЦА ГЗ	Нмн=3.0м(Т)	44	/	/	/	/
	ВКУПНО	Нмн=9.0м(Т+1)	95 868	42 752	85 504	696	145
			УРБАН ОПФАТ ДЕЛ 2				
2.1	БЕНЗИНСКА СТАНИЦА ГЗ	Нмн=9.0м(Т+1)	1760	880	Изградено по претходно ДУП		
2.2	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	868	232	434	8	/
					Бесправна градба		
2.4	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	1018	525	1050	10	/
2.5	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	961	443	886	9	/
2.6	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	805	354	708	7	/
2.7	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	1598	760	1520	15	/
2.8	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	3071	1537	3074	23	/
2.9	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	2200	1100	2200	22	/
2.10	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	2779	1498	2972	30	/
2.11	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	3358	1036	2092	20	/
2.12	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	1165	316	632	6	/
2.13	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	1296	643	1286	13	/
2.14	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	2436	1435	2870	29	/
2.15	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	2071	932	1864	19	/
2.16	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	1158	592	1184	12	/
2.17	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	1164	612	1224	12	/
2.18	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	1564	646	1292	13	/
2.19	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	866	430	860	9	/
2.20	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	864	396	792	8	/
2.21	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	674	360	720	7	/
2.22	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м(Т+1)	629	280	560	6	/
2.23	ГЗ, ГЗ, Г4	Нмн=9.0м	903	295	570	6	/
ТС-2	ТРАФОСТАНИЦА ГЗ	Нмн=3.0м(Т)	48	/	/	/	/
	ВКУПНО	Нмн=9.0м(Т+1)	34 303	13 733	27 466	298	/

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ВО ОПФАТОТ	УРБ.ОПФАТ ДЕЛ 1 П(м2)	УРБ.ОПФАТ ДЕЛ 2 П(м2)	ВКУПНО П(м2)	%
ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ, СТОВАРИШТА ГЗ,Г3,Г4	80 282	32 903	113 185	62.0
ПОВРШ. НА ПРОСТОР СО БЕСПРАВНИ ГРАДБИ	2 354	1 400	11 803	6.5
ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО - ДР.	9 902	210	10 112	5.5
СООБРАЌАЈНИЦИ	41 039	6 360	47 399	26.0

ДУП ЗА РАБОТНА ЗОНА "ПРЕБЕГ"

УРБАНА ЕДИНИЦА 58

Опфат помеѓу улиците: "Гоце Делчев", "Вељко Влаховиќ" и новопроектирани улици

ПРЕДЛОГ ПЛАН
2007-2012

M=1:1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - СИНТЕЗЕН ПЛАН

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА ДЕЛ 1 и 2
- НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- БЕСПРАВНИ ГРАДБИ

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

- ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- СЕРВИСИ
- СТОВАРИШТА
- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ТРАФОСТАНИЦА
- ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- КОЛОВОЗ, ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ТРОТОАР, ПЕШАЧКА ПАТЕКА
- КОРИДОР ЗА ИНСТАЛАЦИИ

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ

ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" пресек 1 - 1

ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА "ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" пресек 4 - 4

ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА ТМ - О" УЛИЦА бр. 1 пресек 3 - 3

ПРОФИЛ НА НОВОПРОЕКТИР. ИНДУСТРИСКА УЛИЦА бр.2 и 3 пресек 5 - 5

ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" И ИНДУСТРИСКА УЛИЦА бр. 4

ПРОФИЛ НА НОВОПРОЕКТИРАНА УЛИЦА бр. 5; 5.1 пресек 6 - 6

ПРОФИЛ НА НОВОПРОЕКТИРАНА ПРИСТАПНА УЛИЦА пресек 7 - 7

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ЛИНИЈА 2
- НОВА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
- НОВОПОСТАВЕН 10 кВ ВИСОКОНАПОНСКИ ПОДЗЕМЕН КАБЕЛ
- НОВОПРЕДВИДЕНИ ТРАФОСТАНИЦИ
- ПОСТОЈНА СТОЛБНА ТРАФОСТАНИЦА

1, површината на парцела со реден број 1.3. од „6197“м^2 се заменува со површина од „5145,4“м^2.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-3772/1
29 јуни 2018 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

348.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА
НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП 5496/1 ЗА КО ЛЕСКОВИЦА
СО НАМЕНАТА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ

I

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 5496/1 за КО Лесковица со намената на бесправно изградените објекти.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3773/2
3 јули 2018 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

А. Просторен концепт / Плански решенија /

1. Воведен дел

Просторот кој е тема на разработка на овој ДУП на работна зона "Пребег", се наоѓа од левата страна на булеварот "Гоце Делчев", зад постојната бензинска помпа на "Нико-Петрол" и зафаќа површина од 18.25 ха. Просторот е неизграден, освен постојната бензинска помпа, едно стовариште за градежни материјали и еден производен погон. Со ГУП на град Штип овој простор е наменет за работна зона, односно зона за производство, дистрибуција и сервиси.

Овој простор во ГУП е означен како урбан блок бр. 58 и е со површина од 18,25 ха. Влезно-излезниот булевар "Гоце Делчев" ја тангира оваа зона од североисточната страна и претставува добра сообраќајна врска за дел од парцелите на овој простор.

Изработката на овој ДУП е иницира од сопствениците на парцелите и нивната потреба за развој на лесната и незагадувачка индустрија, малото стопанство, стоваришта и сервиси.

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавање со фактичката состојба, идниот развој на сопствениците на земјиштето, потоа определбите од ГУП за иден развиток се база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

Конфигурацијата на теренот и максималното почитување на сопственоста се битни предуслови за изработка на овој ДУП. Истите, заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот, како и Генералниот урбанистички план, во голем дел ја насочуваат концепцијата на разработката. Во услови на економска стабилизација, кога е присутно сознанието дека економската моќ на државата не може да поднесе радикални зафати, секаде таму каде тие не се неопходни и каде постои друг начин на решавање на проблемите, истите треба да се третираат пореално и поостварливо.

Деталниот урбанистички план, секаде каде тоа е можно предвидува ревитализација на постојните објекти, но да се води сметка на рационалноста во користење на просторот во границите на прифатените оптимални урбанистички параметри.

Во овој ДУП почитувани се основните начела во процесот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- рамномерен просторен развој,
- рационално уредување и користење на просторот,
- услови за хумано живеење и работа на граѓаните,
- надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет,
- оддржлив развој,
- заштита и унапредување на животната средина и природата,
- заштита на недвижното културно наследство,
- заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии,
- јавност во постапка за донесување и спроведување на плановите и

- усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот.

Урбанистичкото планирање обезбедува зголемување на степенот на хуманост на живеењето и подобрување на условите за работа со плански одредби кои воведуваат повисоки стандарди во однос на постојната состојба или во однос на претходниот урбанистички план.

Урбанистичкото планирање обезбедува хармонизација на просторот со плански одредби за заштита на домувањето и дејностите од јавен интерес со создавање подрачја со иста намена на земјиштето или подрачја со мешани компатибилни намени на земјиштето.

Урбанистичкото планирање обезбедува уредување и хуманизација на просторот со плански одредби кои ќе ја штитат и стимулираат приватната сопственост и слободното претприемништво на начин кој нема да го повреди или стесни јавниот интерес.

Урбанистичкото планирање сукцесивно ќе ги зголемува стечените права по однос на сопственоста на градежното земјиште, уредувањето на земјиштето и правата на градење освен ако тоа не е спротивно на јавниот интерес.

Урбанистичкото планирање има за цел со плански одредби да ја зголемува вредноста на земјиштето, недвижнините и сите други просторни ресурси.

Урбанистичкото планирање обезбедува заштита и развој на државниот и јавниот интерес со плански одредби со кои се утврдува просторна диспозиција за градење и развој на градби од значење на Републиката и градби за кои со закон е утврден јавниот интерес.

Урбанистичкото планирање обезбедува заштита на недвижното културно наследство, животната средина и природата со плански одредби кои ги интегрираат културните и природните блага на подрачјата на планските опфати со што воедно ги прават достапни за луѓето и заштитени од деградација.

Со предложеното решение се создаваат услови за зголемување на степенот на изграденост со цел зголемување на интензитетот на користење на земјиштето

Растојанијата помеѓу објектите се во согласност со член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.весник на РМ. бр. 78/06; 140/07). Со тоа се овозможени квалитетни микроклиматски услови (осончување и проветрување), а истовремено и несметан пристап на противпожарно возило во случај на несакана хаварија.

Вкупната површина на овој опфат изнесува 18.25 ха и е урбана единица бр. 58.

Најголем процент во овој опфат имаат површините за лесна индустрија, сервиси, стоваришта кои опфаќаат околу 68.45 %. (Г2, Г3, Г4)

Во овој опфат со 5.55% е застапено заштитно зеленило (Д2)

Со голем процент од 26.0 % се застапени сообраќајниците каде се врши усогласување на изградените со новопроектираните сообраќајници со сите параметри.

Планот предвидува урбанизација на просторот со почитување на сите законски определби и нормативи.

2. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 18.25 ха и претставува слободна неизградена површина.

Границите на опфатот се движат по :

- од југоисток започнува со крстосницата кај "Алумина" и оди по осовината на ул. "Вељко Влаховиќ";
- од североисток по осовината на Бул. "Гоце Делчев";
- од север и северозапад по осовината на новопроектиран булевар;
- од југозапад по осовината на новопроектирана улица.

3. ОДРЕДБИ ОД ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

ПАРАМЕТРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

Во ГУП 2010 постојат параметри за спроведување на планот, затоа сите елементи кои ќе произлезат при изработката на ДУП на овој локалитет потребно е да бидат во склад со параметрите на важечкиот ГУП 2010 и усогласени со важечките правилници за планирање на просторот.

Изградбата на нови објекти, изградба на комунални објекти и инсталации како и вкупно просторно уредување на предметните локалитети треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на урбанизмот и градежништвото и како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

Параметрите кои следуваат, а се основен дел од Измената и Дополнувањето на ГУП 2010 се однесуваат само на локалитетот кој се пренаменува.

9.1 Регулационите линии (РЛ) се протегаат по надворешната линија на просторот и го одвојуваат делот на јавни површини од други површини од делот предвиден за градба на објекти.

9.2 Градежната линија (ГЛ) во делот на градба на објекти се дистанцира од границата на парцелата.

9.3 Максималните висини на предвидените објекти во идната зона за мало стопанство-сервиси се дадени според Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, и тоа до 9.0м. од кота на тротоар до венец на објектот. Максималните висини во регионалниот и универзитетски центар се 21.0 м од пристапната улица до венецот, а во зоната за домување Нмах изнесува 13.2 м.

9.**4** Параметрите во однос на процент на изграденост, како и на коефициент на искористување на земјиштето се во рамките на предвиденото со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весника на РМ 78/06; 140/07) и тоа 60% за изграденост на зоните за домување, а за сите останати 70%. Коефициентот на искористеност по урбанистички парцели ќе бидат предмет на ДУП.

9.5 При оформување на содржините во рамките на локалитет се применуваат соодветни мерки за заштита на животната средина, посебно за заштита на станбената зона и реонскиот и универзитетски центар од зоната за мало стопанство и сервиси. Посебно треба да се осмисли уредување на парковски зеленила, уредување на зелени површини внатре во зоните, а поконкретно разработени на ниво на детален урбанистички план или на ниво на идеен проект.

9.6 Зоната за заштитно зеленило има ширина 20.0 м и е предвидена како тампон зона. На сите слободни површини и дворови да се предвидуваат зелени простори, а подетални параметри за организација на просторот за оваа зона ке се врши во ДУП со примена на параметри од Правилникот.

9.7 При изработка на ДУП или изработка на урбанистички проект се применуваат параметри од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. бр78/06 и 140/07).

9.9 Потребите на стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе се решава во рамките на локациите, а во зависност од потребите и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. бр78/06 и 140/07).

9.10 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикипитаните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти, односно сите објекти во комплексот на реонскиот и универзитетски центар.

9.11 Третманот на сите отпадни води ќе се врши со прочистување и испусти во р. Брегалница.

9.12 Како заштита од сеизмички дејства за новопредвидените објекти потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите и тоа со заштита од IX степени по MCS скалата.

9.13 При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредување на сите комплекси со конкретна разработка на урбанистички проект.

9.14 Сметот ќе се одлага во градската депонија со претходно собирање во лимени контејнери чија местоположба е лоцирана во ДУП и урбанистички проекти за поедини локации.

Од погоре изнесените анализи, не постојат пречки овој простор да прерасне во организирана и функционална урбанистичка целина.

4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Изработката на овој урбанистички план ДУП за работна зона "Пребег" У.Е. 58 е изработена како програмска задача на ЈП "Штип-Проект" за урбанистичко планирање за 2007 год.

5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Наменска употреба на градежното земјиште во планскиот опфат

Површината на опфатот на овој план е наменет за стопански комплекс за лесна и незагадувачка индустрија - производство, дистрибуција и сервиси.

Со предложениот ДУП во границата на опфатот површината е наменета за :

- Простор наменет за лесна и незагадувачка индустрија во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и собраќај и не произведуваат штетни еманации (Г2);
- Простор наменет за сервиси за одржување и поправка на опрема и индустриски производи (Г3);
- Простор наменет за стоваришта во кои спаѓаат сите видови стоваришта за складирање на стока на отворен или затворен простор во специјални услови за чување и сл Г4);
- Во склоп на производниот погон може да се предвиди и дел за администрација, во зависност од потребите на инвеститорите,
- Простор наменет за технолошки објект - трафостаница (Г5);
- Простор наменет за сообраќајници и паркиралишта (Г5)
- Простор наменет за заштитно зеленило (Д2).

Коефициентот на искористеност на парцелата е под максимално дозволениот (0.7), исто така и процентот на изграденост е под максимално дозволениот .

УРБАН ОПФАТ - дел 1 - Простор наменет за производство, дистрибуција и сервиси

Во урбаниот опфат дел 1 површината на опфатот изнесува 14.16 ха и го опфаќа северниот дел од површината наменета со планот. Овој простор содржи 28 новопредвидени урбанистички парцели за лесна индустрија, стоваришта и сервиси со вкупна површина на парцелите 8.02 ха. Во овој опфат дел 1 има и површина зафатена со бесправни градби која изнесува 0.23 ха.

Коефициентот на искористеност на сите парцели е под максимално дозволениот (најголемиот е 1.2), исто така и процентот на изграденост е под максимално дозволениот (најголемиот е 60%).

Вкупната површина на парцелите во урбаниот опфат-дел 1 изнесува 8.92 ха; вкупна површина под зони за градба 4.79 ха; површина под сообраќајници и паркинзи 4.12 ха и мал дел-околу 1.0 ха за заштитно зеленило.

УРБАН ОПФАТ - дел 2 - Простор наменет за производство, дистрибуција и сервиси

Површината на урбаниот опфат-дел 2 изнесува 4.09 ха. Овој простор содржи 22 новопредвидени урбанистички парцели за лесна индустрија, стоваришта и сервиси.

Во негов опфат е постојната бензинска станица на "Нико Петрол". Има зафатено површина од 0.14 ха со бесправни градби. Другиот простор е неизграден.

5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Наменска употреба на градежното земјиште во планскиот опфат

Површината на опфатот на овој план е наменет за стопански комплекс за лесна и незагадувачка индустрија - производство, дистрибуција и сервиси.

Со предложениот ДУП во границата на опфатот површината е наменета за :

- Простор наменет за лесна и незагадувачка индустрија во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и собраќај и не произведуваат штетни еманации (Г2);
- Простор наменет за сервиси за одржување и поправка на опрема и индустриски производи (Г3);
- Простор наменет за стоваришта во кои спаѓаат сите видови стоваришта за складирање на стока на отворен или затворен простор во специјални услови за чување и сл Г4);
- Во склоп на производниот погон може да се предвиди и дел за администрација, во зависност од потребите на инвеститорите,
- Простор наменет за технолошки објект - трафостаница (Г5);
- Простор наменет за сообраќајници и паркиралишта (Г5)
- Простор наменет за заштитно зеленило (Д2).

Коефициентот на искористеност на парцелата е под максимално дозволениот (0.7), исто така и процентот на изграденост е под максимално дозволениот .

УРБАН ОПФАТ - дел 1 - Простор наменет за производство, дистрибуција и сервиси

Во урбаниот опфат дел 1 површината на опфатот изнесува 14.16 ха и го опфаќа северниот дел од површината наменета со планот. Овој простор содржи 28 новопредвидени урбанистички парцели за лесна индустрија, стоваришта и сервиси со вкупна површина на парцелите 8.02 ха. Во овој опфат дел 1 има и површина зафатена со бесправни градби која изнесува 0.23 ха.

Коефициентот на искористеност на сите парцели е под максимално дозволениот (најголемиот е 1.2), исто така и процентот на изграденост е под максимално дозволениот (најголемиот е 60%).

Вкупната површина на парцелите во урбаниот опфат-дел 1 изнесува 8.92 ха; вкупна површина под зони за градба 4.79 ха; површина под сообраќајници и паркинзи 4.12 ха и мал дел-околу 1.0 ха за заштитно зеленило.

УРБАН ОПФАТ - дел 2 - Простор наменет за производство, дистрибуција и сервиси

Површината на урбаниот опфат-дел 2 изнесува 4.09 ха. Овој простор содржи 22 новопредвидени урбанистички парцели за лесна индустрија, стоваришта и сервиси.

Во негов опфат е постојната бензинска станица на "Нико Петрол". Има зафатено површина од 0.14 ха со бесправни градби. Другиот простор е неизграден.

Во планираниот развој на оваа работна зона се работи за флексибилно третирање на намените, а реализацијата ќе биде според современите потреби и според барањата на пазарот и потребите на корисниците. Можно е групирање на содржините во еден објект односно се според потребите и желбите на инвеститорите а согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр. 78/06; 140/07) и Правилникот за проектирање на објекти (Сл. в. на РМ бр. 69/99; 102/00; 02/02 и 50/03).

Максималната дозволена висина на структурите за производство и сервиси изнесува до 9.00 метри, мерено од теренот односно заштитниот тротоар до котата на венецот.

Вкупната површина на парцелите во урбаниот опфат - дел 2 изнесува 3.3 ха; вкупна површина под зони за градба 1.54 ха; површина под сообраќајници изнесува 0.63 ха и мал дел останува за заштитно зеленило.

Максимална височина на градба

Висината на објектите во комплексот ќе се движат различно во зависност од намените на објектите кои се детално дадени погоре во текстот и табелата. Истата се движи од 3,0 м на трафостаниците, до максимум 9.0 м. на производните погони и претставува висината од котата на тротоар или пристапната улица која се зема за нулта точка, па се до завршниот венец на објектот.

План на зелени површини

Во рамките на опфатот предвидено е зеленило. Најголем процент на зеленило е предвидено како заштитно зеленило и тампон зона околу индустриските парцели, дрвореди на сообраќајниците, а исто така се јавува и внатре во парцелите како парковско зеленило. Вкупниот процент на заштитно зеленило надвор од парцелите на ниво на опфатот е 5.5% кое не го вклучува зеленилото внатре во парцелите и дрворедите на сообраќајниците.

План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр. 78/06 и 140/07) и

Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл. в. на РМ бр. 69/99; 102/00; 02/02 и 50/03) и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена намена, односно подрачјето за градење (градежна парцела) од земјиштето наменето за сообраќајници и други јавни површини.

Во целиот зафат за регулациона линија е земена внатрешната линија на тротоарот.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата, со минимална димензија на коловозот од 7.0 м и тротоар 2.0м, во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичо планирање (Сл. в. на РМ бр. 78/06; 140/07).

Градежната линија е планска одредба која претставува граница на површината на градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

Урбанистички архитектонски услови за градба

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Процентот на изграденост на парцелите како и коефициентот на искористување на земјиштето поставени се во зависност од намената на објектите, а се во рамките на дозволените параметри според Правилникот.

Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработката на идејните решенија на објектите.

Архитектонска обработка на фасадите на објектите, крововите и друго ќе биде со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење. Покривањето треба да биде со коси кровови со оглед на големите температурни разлики на поднебјето, со мах. нагиб од 1:3.

Пристапот до објектите и до заедничките содржини ќе биде решен со пешачки пристапни патеки и со колски приоди за моторни и товарни возила, во зависност од намената на објектот.

Паркирањето за вработените и за посетителите да биде решено внатре во секоја парцела према нормативите за паркирање.

Сообраќајна и комунална инфраструктура

- Сообраќај

Во однос на сообраќајното решение - пристап до овие индустриски комплекси, тие имаат добар пристап од постојниот магистралната улица "Гоце Делчев", од новопредвидениот булевар и од собирната улица "Вељко Влаховиќ". Другата - секундарна мрежа се развива внатре во зоната, а тоа се индустриските и пристапните улици.

Профили на улици од примарната улична мрежа:

Ширината на магистралната улица Гоце Делчев (пресек 1 - 1) изнесува 31.0м со четири коловозни ленти од 3.5м, со разделно зеленило помеѓу нив од 5.0 м, со тротоари 2х4м и линиско зеленило покрај коловозите 2х 2.0м.

Ширината на магистралната улица Гоце Делчев и индустриската улица бр. 4 (пресек 2 - 2) изнесува 49.0м и тоа: со четири коловозни ленти од 3.5м и со разделно зеленило помеѓу нив од 5.0 м, со тротоари 2х4м и линиско зеленило покрај коловозите 2.0м и 3.0м; индустриската улица бр. 4 е одвоена од магистралната ул. "Гоце Делчев" со линиско зеленило 3.0м, а таа е со широчина од 7.0м (2х3.5м) и 5.5м простор за паркирање и 1.5м тротоар од страната на парцелите.

Профилот на магистралната улица бр.1 (ГМ-б) со пресек 3-3 е со ширина од 33м (четири коловозни ленти од 4х3.75м и разделен појас помеѓу нив од 5м; линиско зеленило покрај коловозите 2х2.5м, тротоари 2х4.0 м),

Профилот на собирната улица "Вељко Влаховиќ" е со ширина од 14.5м (две коловозни ленти 2х3.5м и тротоари од 3.5м и 4.0м).

Профили на улици од секундарната улична мрежа:

Ширината на новопроектираните индустриски улици бр.2 и 3 со пресек 5-5 е 7.0 метри коловоз со 2х2.0 м тротоар. Профилот на новопроектираните индустриски улици бр. 2.1; 2.1.1; улици бр.5; 5.1 со пресек 6-6 е со ширина од 7.0м и 2х1.5

тротоар. Новопроектираната пристапна улица со пресек 7-7 е со ширина 5.5 м и 2х 0.5м заштита од оградата. Профилите на сите сообраќајници дадени се во графичките прилози и се изработени спрема Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 78/06, 140/07) и стандарди и нормативи на јавните патишта.

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, Сл.весник на РМ бр. 78/06, 140/07).

- **Водовод**

Планираната водоводна инфраструктура опфаќа водоводна мрежа во делот на целиот опфат на предметниот ДУП. Мрежата е планирана со ПЕ цевки НД63, НД90 и НД160мм. НД160мм е планирана инсталација по ул. Бр.1 и ул.бр 2. Ваков профил е предвиден со цел да се обезбеди доволно количина на вода за евентулано проширување надвор од предвидениот опфат. Приклучувањето на планираните водоводни линии на една страна на улица Вељко Влаховиќ , а на друга страна на булеварот Гоце Делчев.

- **Канализација**

Канализационата инфраструктура е планирана со ПЕ цевки мин.ф200мм. Прклучокот на канализационата мрежа е дел кон постојната ф300мм цевка близу до поранешна Метална и дел во новоизведената канализација позади Мултикрем и МК Вивенди. Профилите на цевките можат да претрпат измени при изготвување на Главните проекти.

- **Електрика, улично осветлување и телефонска инсталација**

Со новопроектираната парцелација со Д.У.П. ЗА РАБОТНА ЗОНА "ПРЕБЕГ" урбана единица 58, опфат помегу улиците "Гоце Делчев"; "Вељко Влаховиќ" и новопроектираните улици ќе доведе до зголемување на индустриски објекти и до зголемување на потрошувачката на електрична енергија. Трендот на потрошувачка на електрична енергија продолжува, па затоа за изградба на нова високо напонска мрежа со трафостаници, нисконапонска мрежа, улично осветление и телефонски развод е неопходна.

Во моментот на парцела бр 1.26 постои столбна трафостаница до 250 кВА приклучено со 10 кВ воздушен довод кој ќе се замени со 10 кВ кабел.

Низ парцелацијата на дел од Д.У.П. ЗА РАБОТНА ЗОНА "ПРЕБЕГ" урбана единица 58, опфат помегу улиците "Гоце Делчев"; "Вељко Влаховиќ" и новопроектираните улици поминува 35 кВ воздушен далновод кој ќе се демонтира и нема да постои.

Електричната високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонска мрежа, улично осветление и телефонски развод и потребите од планираната едновремена снага за сите објекти се димензионира према следната

АНАЛИЗА НА СНАГИТЕ

бр. на парцела	Намена на парцела	п (м2) градба	Пресметка	Едновремена снага
			Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	kW
	ТС 10/0.4 kV "ПРЕБЕГ 1"			
1.1.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	637	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	61.15
1.2.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	745	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	71.52
1.3.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	640	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	61.44
1.4.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	670	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	64.32
1.5.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	780	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	74.88
1.6.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	2620	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	251.52
1.7.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН		Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	260
1.8.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1960	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	188.16
2.1.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	385	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	36.96
2.2.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	202	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	19.39
2.3.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	593	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	56.93
2.4.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	522	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	50.11
2.5.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	443	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	42.53
2.6.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	398	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	38.21
2.7.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	784	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	75.26

бр. на парцела	Намена на парцела	п (м2) градба	Пресметка	Едновремена снага
			Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	**kW**
2.8.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1000	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	96.00
2.9.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1100	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	105.60
			∑=	1553.98
	ТС 10/0.4 kV "ПРЕБЕГ 2"			
2.12.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	316	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	30.34
2.13.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	543	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	52.13
2.14.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1353	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	129.89
2.15.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1397	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	134.11
2.16.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	586	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	56.26
2.17.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	470	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	45.12
2.18.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	573	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	55.01
2.19.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	448	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	43.01
2.20.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	417	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	40.03
2.21.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	396	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	38.02
2.22.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	406	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	38.98
2.23.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	270	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	25.92
			∑=	688.82
	ТС 10/0.4 kV "ПРЕБЕГ 3"			
1.9.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	2295	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	220.32
1.10.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	2814	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	270.14
1.11.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	2540	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	243.84
1.12.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1464	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	140.54
1.13.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	2068	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	198.53
1.16.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1138	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	109.25
1.17.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1220	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	117.12
1.18.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	500	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	48.00
1.19.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	485	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	46.56
2.10.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1477	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	141.79
2.11.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1026	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	98.50
			∑=	1634.59
	ТС 10/0.4 kV "ПРЕБЕГ 4"			
1.14.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1790	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	171.84
1.15.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1537	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	147.55
1.20.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	2160	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	207.36
1.21.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	3027	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	290.59
1.22.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1544	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	148.22
1.23.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1413	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	135.65
1.24.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1350	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	129.60
1.25.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН	1403	Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	134.69
			∑=	1365.50
	ТС 10/0.4 kV "ЛАРЧЕР"			
1.26.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН		Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	280.00
1.27.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН		Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	50.00
1.28.	ПРОИЗВОДЕН ПОГОН		Ped.= (п*1.5-20%)*100*0.8	50.00
			∑=	380.00
			Ped.	**5622.89**

Едновремената снага за сите производни погони изнесува Пед. = 5.622,89 kW.

Едновремената снага за уличното осветление изнесува Пед.ул. = 20 kW

Целокупната едновремена снага изнесува Пед. вк. = 5.642,89 kW.

Према едновремените снаги се предвидува изградба на три нови ТС 10/0.4 kV do 2x1000 kVA i izgradba na u{te edna nova ТС 10/0.4 kV do 1x1000 kVA, постојна столбна ТС 10/0.4 kV do 250 kVA }е замени со нова ТС 10/0.4 kV do 630 kVA i }е ги напојува парцелите 1.26, 1.27 i 1.28, за напојување трафостаниците се предвидува високонапонската електрична мрежа со подземни каблови поврзани мегу себе во ринг, напојувањето да биде поврзано со постојниот 10 kV кабел кој излегува од ТС 35/10 кВ и кабловски минува преку патот и сега моментално го напојува 10 kV воздушен далновод, кој ќе се замени со подземен 10 кВ кабел.

Исто така од ТЦ 35/10 kV ќе се постави уште еден подземен кабел 10 kV за напојување на трафостаниците.

Сето ова видно е прикажано во ситуацијата на Д.У.П. ЗА РАБОТНА ЗОНА "ПРЕБЕГ" урбана единица 58, опфат помегу улиците "Гоце Делчев"; "Вељко Влаховиќ" и новопроектираните улици со назначени трафостаници и подземни 10 kV каблови.

Напојувањето на високонапонската електрична мрежа со подземни 10 kV каблови поврзани во ринг и повеќе изводи е за сигурно напојување. Сигурноста односно континуитетот во напојувањето е еден од елементите на квалитетно напојување на потрошувачката со електрична енергија.

Пресекот на 10кВ кабел и точната траса на полагање ќе се одреди со изработка на главниот проект за енергетско напојување

Нисконапонскиот развод ќе се води кабловски и пресеците и точните траси на полагањето ќе се одреди со изработувањето на главниот проект за енергетско напојување.

Улично осветление

Сообраќајниците во локалитетот во поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

За улично осветление ќе се користат металхалогени и живини светилки поставени на бетонски столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивните поврзувања ќе се одреди со горенаведениот главен проект.

- Телекомуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и

надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено значење се намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со А.Д. "Македонски Телекомуникации" - подружница Штип.

Начинот на изведба и приклучување на телефонски приклучоци , треба да биде извршено до најблиската централа , а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации -Подружница - Штип.

- **Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица**

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на инвадилизирани лица се предвидува тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да се постави рампа за движење на инвадилизирани лица посебно пред администрацијата и производните погони.

Мерки за заштита

- **Мерки за заштита од загадување**

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 18.25 ха и е неизградена површина.

При издавањето на одобренијата за градење за новите објекти ќе се бара изработка на Студија за влијанието врз животната средина и нема да биде дозволено изградба на објекти кои се загадувачи на животната средина и природата.

Основен загадувач на просторот претставува постоењето на моторен сообраќај, кој со изградбата на новите капацитети уште повеќе ќе се зголеми. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата и камионите кои се движат по постојните улици и внатре во комплексот.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и мерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

- **Мерки за заштита од пожар на објектите**

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример вработени, посетители, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.0 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

- **Мерки за заштита од воени разурнувања**

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

- **Заштита од природни непогоди**

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

6. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот ДУП се отвора една нова работна зона која ќе овозможи изградба на нови индустриски капацитети за лесна и незагадувачка индустрија и можност за иден индустриски развој на градот. Значајна погодност е што овој простор е слободен и се дава можност за брза реализација на овој план за што има реални предуслови. Со ова ќе се подобри квалитетот и стандардот на работењето и развојот на индустриското производство, а истовремено ќе придонесе и за зголемување на вработеноста и побрз развој на општината.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. Плански опфат е подрачје уредено со урбанистички план.

2. Граница на планскиот опфат е планска одредба која се уредува со урбанистички план и е граница на подрачје наменето за градење.

3. Градежно земјиште е земјиште чија што намена и начин на уредување, градење и користење се утврдува со урбанистички план.

4. Градежната парцела е основна и најмала единица на градежното земјиште ограничена со регулаторните линии: граница на градежна парцела и регулациона линија.

5. Граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистичкиот план е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

6. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

7. Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр. 78/06; 140/07) и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл. в. на РМ бр. 69/99; 102/00; 02/02 и 50/03) и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

8. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно за секој објект и изнесуваат Нмах 3.0м до Нмах 9.0м. од пристапната улица односно од тротоарот.

9. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. За објектите за производство и сервиси покривот да биде кос со нагиб на кровната површина 1:3.

10. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

11. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање) ќе се решаваат на новопредвидениот јавен паркинг-простор на пристапната сообраќајница паралелна со бул. "Гоце Делчев" како паркирање надвор од парцела за урбан опфат дел 1; останатиот дел потребни места за паркирање во урбан опфат дел 1 и 2 ќе се решаваат во сопствените парцели према потребите и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр. 78/06 и 140/07). Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно објектот.

12. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните лица особено во делот на достапноста до јавните објекти.

13. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

14. Условите за изградба на сите предвидени објекти треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

15. При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на јавните објекти и објектите за производство, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило и другите слободни простори како парковско зеленило.

16. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат со посебна заштита со мрежа околу нив заради заштита од разнесување на текстилниот и другиот вид отпад.

17. Локациите на заедничките контејнери мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

Општите услови за изградба важат за секоја градежна парцела поединечно.

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Во планот се зацртани групи на класа на намена Г - производство, дистрибуција и сервиси (Г2, Г3 и Г4); Д2 - заштитно зеленило; комунална инфраструктура: сообраќајници, водоводни и канализациони инфраструктури, енергетска инфраструктура, трафостаници, телекомуникациска инфраструктура (Г5).

Зафатот со површина од 18.5 ха се состои од 54 градежни парцели. Нивното формирање во одредена мера ги почитува границите на постојните катастарски парцели.

Предвидени се 4 градежни парцели за трафостаници (Г5).

На 50 парцели има предвидено површини за градба со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси, Г4-стоваришта;

На 3 парцели има евидентирано бесправна градба;

На една парцела ништо ново не се планира, реализиран е претходен ДУП;

1. **Во градежните парцели бр. 1.3; 1.5; 1.7; 1.8; 1.9; 1.10; 1.12; 1.19; и 1.29** предвидени се апросимактивни површини за комплекс на градби. За нив треба да се изработат **архитектонско-урбанистички проекти** со идејни проекти за објектите и градбите со кои ќе се допрецизираат комплексите од градби, но не и менуваат утврдените урбанистички параметри. **За сите нив важат следните услови:**

- **Основна класа на намена - Г2, Г3 или Г4** инвеститорот избира сам,
  Компатибилни класи на намена на Г2: - Б1; Б2; Д2; Г3 и Г4, со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
  Компатибилни класи на намена на Г3: - Б1; Б2; Д2; Г2 и Г4, со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
  Компатибилни класи на намена на Г4: - Б1; Б2; Б4; Д2; и Г3 со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
- **Нмах**= 9.0 метри до хоризонталниот венец на градбата;
- **Максимален број на катови** - за основната класа на намена - П или П+1 во зависност од технолошкиот процес; за другите компатибилни класи на намена (деловни содржини, администрација...) П+1 и П+2;
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме е до 4.50 метри од завршниот венец на градбата;
- **Од висината на слемето отстапуваат** само линијските вертикални технолошки инсталации;
- **Кота на нултата плоча -** на производните погони, стоваришта, сервиси од **0.20 м до 1.20 м** во зависност од технилошкиот процес и потребата од рампа за утовар-истовар; котата на нултата плоча на анексите за администарција и сл. на **1.20 м** од пристапната сообраќајница;
- **Паркирањето** е решено во рамките на градежните парцели.
  Градежнита парцела 1.3 има можност да паркира и на јавен паркинг (бр. на места за паркирање дадено во табелата). Потребниот број на паркинг места за секоја градба определена во архитектонско-урбанистичкиот проект е според нејзината намена и големина (според чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - "Сл.весник на РМ" бр. 78/06; 140/07);
- **Заштита на животна средина** - при оформување на содржините во градежните парцели, да се применуваат соодветни мерки за заштита на

елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07);
- **Процентот на зеленило** во рамките на градежните парцели треба да изнесува минимум 5-10 %.

2. **Градежните парцели бр.1.1; 1.2; 1.4; 1.6; 1.11; 1.13; 1.14; 1.15; 1.16; 1.17 1.18; 1.20; 1.21; 1.22; 1.23; 1.24; 1.25; 1.28; 2.2; 2.4; 2.5; 2.6; 2.7; 2.8; 2.9; 2.10; 2.11; 2.12; 2.13; 2.14; 2.15; 2.16; 2.17; 2.18; 2.19; 2.20; 2.21; 2.22 и 2.23 имаат дефинирано површини за градба. За сите нив важат следните услови:**

- **Основна класа на намена - Г2, Г3 или Г4** инвеститорот избира сам,
  Компатибилни класи на намена на Г2: - Б1; Б2; Д2; Г3 и Г4, со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
  Компатибилни класи на намена на Г3: - Б1; Б2; Д2; Г2 и Г4, со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
  Компатибилни класи на намена на Г4: - Б1; Б2; Б4; Д2; и Г3 со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
- **Нмах**= 9.0 метри до хоризонталниот венец на градбата;
- **Максимален број на катови** - за основната класа на намена - П или П+1 во зависност од технолошкиот процес; за другите компатибилни класи на намена (деловни содржини, администрација...) П+1 и П+2;
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме е до 4.50 метри од завршниот венец на градбата;
- **Од висината на слемето отстапуваат** само линиските вертикални технолошки инсталации;
- **Кота на нултата плоча -** на производните погони, стоваришта, сервиси од **0.20 м до 1.20 м** во зависност од технилошкиот процес и потребата од рампа за утовар-истовар; котата на нултата плоча на анексите за администарција и сл. на **1.20 м** од пристапната сообраќајница;
- **Паркирањето** е решено во рамките на градежните парцели.
  Градежните парцели 1.1; 1.21 и 1.23 имаат можност да паркираат и на јавен паркинг (бр. на места за паркирање дадено во табелата). Потребниот број на паркинг места за секоја градба определена во архитектонско-урбанистичкиот проект е според нејзината намена и големина (според чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - "Сл.весник на РМ" бр. 78/06; 140/07);
- **Заштита на животна средина** - при оформување на содржините во градежните парцели, да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07);
- **Процентот на зеленило** во рамките на градежните парцели треба да изнесува минимум 5-10 %.

3. **Градежните парцели ТС-1, ТС-2, ТС-3 и ТС-4 наменети се за изградаба на трафостаници.**

- **Намена на градбата:** Комунална инфраструктура - Г5 - трафостаница
- **Нмах**= 3.0 метри до хоризонталниот венец на градбата;
- **Максимален број на катови** - П - приземје
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме **0.00** метри од завршниот венец на градбата;
- **Кота на нултата плоча - 0.20 м** од пристапната сообраќајница;

- **Паркирањето** - нема потреба од паркирање
- **Заштита на животна средина** - да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07);
- **Процентот на зеленило** 0.0 %.

4. Парцели за заштитно зеленило - Д2

- **Основна класа на намена:** Заштитно зеленило - Д2;
- **Нема компатибилни класи на намена;**
- **Да се изработи проект** за хортикултурно уредување на парцелите со намена Д2;
- **Не се предвидува паркирање** за оваа намена;
- **Заштита на животна средина** - да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07);
- Процент на зеленило: 100 %.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 361

Извод од урбанистички план/проект: урбанистички проект за инфраструктура за дел од БУЛЕВАР “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” од ГУП на Град Штип

Број: 18-2940/2 од 11.04.2025 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Потврда за одобрување: 18/24-313 од 25.11.2024

Намена за градба: Е1.1- примарни улични мрежи во населени места

Улица:

КО: Штип 1 **КП:**

ДЛ: **М= 1: 1000**

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

- **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
- Заверена копија од синтезен план
- Легенда

1. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

2. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

Sonja Gjeorgievska

Digitally signed by Sonja Gjeorgievska
DN: c=MK, o=OPShTINA ShTIP, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, ou=OPShTINA ShTIP:4029005130584, givenName=Sonja, serialNumber=CRT3652429, sn=Gjeorgievska, cn=Sonja Gjeorgievska
Date: 2025.04.11 12:24:24 +02'00'

По овластување од Градоначалник,

Раководител на Сектор,

Лазар Хаџи- Николов

Lazar Hadji Nikolov

Digitally signed by Lazar Hadji Nikolov
Date: 2025.04.14 11:21:55 +02'00'



БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ -ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА			
ПЛАНСКИ ОПФАТ	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ
	Е1 -Сообраќајни патни инфраструктури -магистрален пат	62.366,09	41,33%
	Е1 -Сообраќајни патни инфраструктури -жежничка инфраструктура	70.161,06	46,49%
	Е2 - Згради и комплекси на инфраструктурните системи	18.374,75	12,18%
Вкупно изградена површина		150.901,90	100,00%

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ДЕЛ ОД БУЛЕВАР „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ОД ГУП НА ГРАД ШТИП

ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ = 150.901,9m² = 15,09ha
- ПОСТОЕН ВОДОВОД
- ПОСТОЕН ВОДОВОД - ТЕХНИЧКА ВОДА
- ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНИ ОПТИЧКИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ-ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНИ БАКАРНИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ-ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ КАНАЛ-ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА
- ПОСТОЈНИ СТОЛБОВИ 110/35)kV
- ПОСТОЈНИ СТОЛБОВИ 0,4kV
- ПОСТОЈАН НАДЗЕМЕН 0,4kV ВОД (ЕВН)
- ПОСТОЈАН 0,4kV ПРИКЛУЧОК (ЕВН)
- ПОСТОЈАН ПОДЗЕМЕН 10(20)kV ВОД (ЕВН)
- ПОСТОЈАН НАДЗЕМЕН 35(110)kV ВОД (ЕВН)
- ПОСТОЈАН ПОДЗЕМЕН 35(110)kV ВОД (ЕВН)
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД (ЕВН)

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (СИНТЕЗЕН ПЛАН)

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" БР 119 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	ОПШТИНА ШТИП		
ПЛАН:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА, ЗА ДЕЛ ОД БУЛЕВАР „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, ОД ГУП НА ГРАД ШТИП	ФАЗА:	УП
ПРИЛОГ:	УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (СИНТЕЗЕН ПЛАН)	ТЕХ. БРОЈ: У-46/24	РАЗМЕР: 1:1000
ПЛАНЕРИ:	АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - НОСИТЕЛ НА ПЛАН ВЕСНА ВАСИЛЕВА д.и.а. овл. бр. 0 .0057 - планер	ПЛАНЕРСКА КУКА:	
СОРАБОТНИК:	ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - соработник	ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0089	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: ОКТОМВРИ, 2024	ЛИСТ БР 8.1



БИЛАНСИ ПОКАЗАТЕЛИ -ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

ПЛАНСКИ ОПФАТ	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ
	Е1 -Сообраќајни патни инфраструктури -магистрален пат	62.366,09	41,33%
	Е1 -Сообраќајни патни инфраструктури -железничка инфраструктура	70.161,06	46,49%
	Е2 - Згради и комплекси на инфраструктурните системи	18.374,75	12,18%
Вкупно изградена површина		**150.901,90**	100,00%

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ДЕЛ ОД БУЛЕВАР „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ОД ГУП НА ГРАД ШТИП

ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ = 150.901,9m² = 15,09ha
- ПОСТОЕН ВОДОВОД
- ПОСТОЕН ВОДОВОД - ТЕХНИЧКА ВОДА
- ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНИ ОПТИЧКИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ-ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНИ БАКАРНИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ-ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ КАНАЛ-ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА
- ПОСТОЈНИ СТОЛБОВИ 110(35)kV
- ПОСТОЈНИ СТОЛБОВИ 0,4kV
- ПОСТОЈАН НАДЗЕМЕН 0,4kV ВОД (ЕВН)
- ПОСТОЈАН 0,4kV ПРИКЛУЧОК (ЕВН)
- ПОСТОЈАН ПОДЗЕМЕН 10(20)kV ВОД (ЕВН)
- ПОСТОЈАН НАДЗЕМЕН 35(110)kV ВОД (ЕВН)
- ПОСТОЈАН ПОДЗЕМЕН 35(110)kV ВОД (ЕВН)
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД (ЕВН)

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (СИНТЕЗЕН ПЛАН)

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" БР 119 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**ОПШТИНА ШТИП**		
ПЛАН:	**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА, ЗА ДЕЛ ОД БУЛЕВАР „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, ОД ГУП НА ГРАД ШТИП**	**ФАЗА:**	**УП**
ПРИЛОГ:	УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (СИНТЕЗЕН ПЛАН)	**ТЕХ. БРОЈ:** **У-46/24**	**РАЗМЕР:** **1:1000**
ПЛАНЕРИ:	**АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - НОСИТЕЛ НА ПЛАН** **ВЕСНА ВАСИЛЕВА д.и.а. овл. бр. 0 .0057 - планер**	**ПЛАНЕРСКА КУЌА:**	
СОРАБОТНИК:	**ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - соработник**	**ЛИЦЕНЦА БРОЈ:** **0089**	
УПРАВИТЕЛ: **д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА**		**ДАТА:** **ОКТОМВРИ, 2024**	**ЛИСТ БР** **8.2**



ГРАДСКА МАГИСТРАЛА УЛИЦА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
А.06 - Б.01
Б.01 - Б.02

БИЛАНСИ ПОКАЗАТЕЛИ -ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

ПЛАНСКИ ОПФАТ	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ
	Е1 -Сообраќајни патни инфраструктури -магистрален пат	62.366,09	41,33%
	Е1 -Сообраќајни патни инфраструктури -жеезничка инфраструктура	70.161,06	46,49%
	Е2 - Згради и комплекси на инфраструктурните системи	18.374,75	12,18%
Вкупно изградена површина		**150.901,90**	100,00%

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ДЕЛ ОД БУЛЕВАР „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ОД ГУП НА ГРАД ШТИП

ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ = 150.901,9m² = 15,09ha
- ПОСТОЕН ВОДОВОД
- ПОСТОЕН ВОДОВОД - ТЕХНИЧКА ВОДА
- ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНИ ОПТИЧКИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ-ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНИ БАКАРНИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ-ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ КАНАЛ-ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА
- ПОСТОЈНИ СТОЛБОВИ 110(35)kV
- ПОСТОЈНИ СТОЛБОВИ 0,4kV
- ПОСТОЈАН НАДЗЕМЕН 0,4kV ВОД (ЕВН)
- ПОСТОЈАН 0,4kV ПРИКЛУЧОК (ЕВН)
- ПОСТОЈАН ПОДЗЕМЕН 10(20)kV ВОД (ЕВН)
- ПОСТОЈАН НАДЗЕМЕН 35(110)kV ВОД (ЕВН)
- ПОСТОЈАН ПОДЗЕМЕН 35(110)kV ВОД (ЕВН)
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД (ЕВН)

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (СИНТЕЗЕН ПЛАН)

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" БР 119 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**ОПШТИНА ШТИП**		
Системот на континуирано планирање низ разработување на Генералниот урбанистички план во консекутивна постапка во процесот на неговото спроведување треба да се одвива на две независни нивоа, во рамки на постапки кои се во оригинерна надлежност на Градот Штип. Тоа се:

1) Обезбедување на планирање преку непрекинато детализирање на планот со координиран процес на изменување и дополнување на приоритетни групи на територијални единици на градежно земјиште.

2) Обезбедување на податоци за состојбите во просторот кои ќе бидат агрегирани според воспоставената шема на територијални единици на градежно земјиште, и континуирана и дифузна активност за детализирање на планот преку негово пунктуално изменување и дополнување на поединечни урбани подрачја или инфраструктурни зафати.

4.8. Билансни показатели

Член 31

Вредностите на процентуалната застапеност на површини според наменската употреба на земјиштето во планот се пресметувани со апроксимација од 5%, најмногу поради системот на макролоцирање на одредени намени или класи на намени за јавни функции со пиктограми, додека за апроксимацијата помеѓу сите други класи на намени во четвртите изнесува до 3% заради уточнување со реалната состојба, што на Генералниот урбанистички план му ја дава неопходната флексибилност во процесот на спроведување.

4.9. Сообраќајни инфраструктури

Член 32

За сообраќајниците за кои има сознанија или во процесот на спроведување на планот ќе се обезбедат сознанија и податоци за состојбите во просторот кои ќе укажат на потребата и можноста за нивно специфично реализирање под или над нивото на теренот или за зголемување и намалување на активната сообраќајна површина, што повлекува и нивно консеквентно редефинирање во регулацискиот и сообраќајниот план, ќе се спроведуваат континуирани и консекутивни постапки за детализирање на планот преку негово пунктуално изменување и дополнување на поединечни урбани подрачја или инфраструктурни зафати. При дефинирањето на изведбените решенија обврзно да бидат вклучени надлежните служби.

Во такви случаеви треба да се изработат подетални сообраќајни анализи и проекции на идните потреби и да се изготви соодветна планско проектна документација со потребни прилози и елаборати за предвидената инфраструктура и нејзиното влијание врз животната средина, економијата, сообраќајот и урбанизмот, а врз основа на претходна Физибилити студија со примена на анализи трошоци- добивки.

Член 33

Прецизната просторна диспозиција на поедините техничко-технолошки елементи на линиите на јавен превоз на патници ќе се решава согласно сообраќајно- техничката и друга документација за сообраќајниот систем во град Штип.

Член 34

Уточнувањето на регулацискиите линии на крстосниците од примарната сообраќајна мрежа, ќе се изврши врз основа на сообраќајна студија и усвоена, односно одобрена проектна документација за истите.

Член 35

Долж примарната сообраќајна мрежа во планската документација од пониско ниво, се дозволува по целата должина на сообраќајниците да се планираат **линиски центри** со намена А, односно Б, односно В, или големини кои со своите параметри не влегуваат во нумеричките показатели на четвртта на која и припаѓаат.

Линиските центри треба да претставуваат логична целина со длабочина во четвртта до 30м., од обете страни на сообраќајниот коридор со можни тремови кои можат да се протегаат до границата на регулационата линија.

4.10. Спроведување на Генералниот урбанистички план

Член 36

1) Суштинска карактеристика на системот на урбанистичкото планирање, кој произлегува од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), е двостепеноста на системот на урбанистичкото планирање на градовите.

2) Оваа двостепеност се остварува со генерални и детални урбанистички планови, при што во генералните урбанистички планови се одредуваат зоните на намената на земјиштето и функционалната организација на просторот, примарните инфраструктурални мрежи и основните услови за изградба, додека деталните планови служат за разработка и спроведување на генералните урбанистички планови.

3) Врската помеѓу генералните и деталните планови, како и облигациите за нивната хиерархиска усогласеност во Законот е нормирана во Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) во кој е утврдено дека деталниот урбанистички план, како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со генералниот урбанистички план.

4) Ова основно својство на системот на просторно и урбанистичко планирање - хиерархиската структура на системот на просторни и урбанистички планови, при што плановите од пониско ниво мора да се во согласност со плановите од повисоките нивои.

5) Заради законската облигација деталните урбанистички планови да мораат да се усогласени со генералниот урбанистички план, сите детални урбанистички планови кои се донесени до денот на усвојување на ГУП Штип 2014 -2024, како акти за спроведување на Генералниот урбанистичи план, кој веќе не е на сила, мораат да претрпат усогласување со новиот Генерален урбанистички план, со што ќе можат да се применуваат односно да станат акти за спроведување на новиот Генерален урбанистички план.

6) Во периодот од донесувањето на Генералниот урбанистички план за град Штип 2014-2024 до усогласувањето на деталните урбанистички планови кои ги донесува општината Штип, деталните урбанистички планови кои се на сила можат да се применуваат само и исклучиво во оние делови од планскиот опфат кои се во согласност со Генералниот урбанистички план на град Штип 2014-2024, односно не се спротивни ниту на една негова одредба.

4.11. Наменски зони со мешани класи на намени

Член 37

1) Нормираните табели за компатибилни намени и нивно максимално процентуално учество во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање се општа нормативна рамка во која се поместени максималните вредности кои смеат да се достигнат во екстремни случаи.

2) Во Генералниот урбанистички план според императивното програмско барање се одбегнуваат правилнички нормираните максимуми, кои се наменети за целата територија на РСМ, а се одредуваат

минималните, оптималните односно плаузибилните вредности на урбанистичките параметри за секоја конкретна наменска зона поединечно.

2) Генералниот урбанистички план ги утврдува намената на површините и елементите на наменска дефиниција за секој конкретен случај односно за секоја конкретна локација и за секоја наменска зона, во зависност од степенот на уреденост на градските делови, нивната локација во градот и основниот карактер на просторот.

3) Утврдените вредности на процентуалното учество на класи на намени во наменските зони со мешана намена во процесот на спроведување на планот и негово разработување со детални урбанистички планови, мораат да се третираат како идеално процентуално учество, односно рамномерно и еднакво на целото подрачје од територијалната единица на градежно земјиште на просторот. Не се дозволува концентрација на дозволениот процент на еден дел од подрачјето и нерамномерна просторна дистрибуција на дозволената површина со компатибилна намена.

4) Одредувањето на оптималните односно плаузибилните вредности на процентите на учество на класи на намени во наменските зони и урбанистичките параметри, во Генералниот урбанистички план се уредува до нивото на урбаните четврти.

5) Специфичните плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за секој поединечен плански опфат на детален урбанистички план, заради успешно, квалитетно и ажурно спроведување на Генералниот урбанистички план, ќе се детализираат на ниво на четврт.

4.12. ПЛАНСКИ ОПФАТ

Член 38

Границата на планскиот опфат Штип вкупно е долга 30573,98м[1] и формира површина од 2292,1287 ха.(22921287,047м[2]).

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 8, 9 и 10

од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16). Границата на опфатот е дефинирана според логични разделници, дефинирани во член 8 од Правилникот.

Границата е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки,

означени со редни броеви од 1 до 636

4.13. ПОДЕЛБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Член 39

Во планскиот опфат утврдени се 6 (шест) Урбани единици - четврти.

Основната намена на земјиштето во планскиот опфат е дефинирана во графичкиот прилог Број 01 и во Член 6 од овие

Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите планирање.

4.14. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Член 40

Обврзно да се почитуваат мерките за заштита на животната средина при издавање урбанистички параметри, како и при изготвување на урбанистичка документација од пониско ниво со конкретните класи на мнамени на земјиштето, кои припаѓаат на четврт утврдена со овој План, согласно Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.М. број 53/05, 81/05 и 24/07, 159/08, 83/09, 48/10 и 142/10).

Член 41

Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при издавање урбанистички параметри, како и при изготвување на урбанистичка документација од пониско ниво која припаѓа во четврт а е предмет на овој План, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08 и 142/10) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05).

Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при издавање урбанистички параметри, кои произлегуваат од Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01, 05/03 и 58/06).

Член 42

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство - Сл.весник на РМ бр. 20/04 и 115/07).

Во текот на реализација на овој План преку изготвување на урбанистичка документација од пониско ниво, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04 и 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

Одредбите од член 65 се однесуваат за зоните без заштита, додека за заштитените подрачја важат одредбите пропишани од заштитно конзерваторските основи, и тоа за археолошкиот локалитет „Исар" се предвидува археолошко истражување, а за другите заштитени добра одредбите ќе бидат попрецизно дефинирани во режимот на заштита при изработка на заштитно конзерваторски основи за урбанистички планови од пониско ниво.

4.15. НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО – ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ

Член 43

Со ова планска документација се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16):

1. **Јавни институции (група класи на намени – В)**
2. **Домување (група класи на намени – А)**
3. **Комерцијални и деловни намени (група класи на намени – Б),**
4. **Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори (група класи на намени – Д)**
5. **Производсво дистрибуција и сервиси (група на класи на намена – Г)**
6. **Инфраструктура (група класи на намени - Е)**

4.16. ПОВРШИНИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ

Член 46

Со планот се утврдуваат шест Урбани единици - четврти(6).

Површините за планирање се дефинираат за секоја четврт поединечно, утврдена со овој План, а во рамките на просторот дефиниран со грегулациските линии.

Од аспект што Планот е изработен во електронска форма на ориентирани геодетски подлоги и истиот доставен до надлежното министерство, на CD, во векторска форма, Регулациските линии, кои ја означуваат Границата на секоја четврт поединечно, со овој План не се котираат. При спроведување на Планот нивните прекршни точки, како нумерички податоци, се отчитуваат, од овластена геодетска фирма, дигитално, со вредности за Y и X.

4.17. ВИСИНА НА ГРАДБИТЕ ВО ЧЕТВРТ

Член 47

Висината на градбите да се утврди во урбанистичка документација од пониско ниво, обврзно земајќи ги предвид следните ограничувачки фактори:

- Да се почитува јавниот интерес преку прописите за заштита и спасување утврдувајќи ја висината во корелација со должината на обрушувањето;

- Да се почитува јавниот интерес преку квалитетни композициски урбанистички решенија со посебна анализа на силуетите на градбите долж улиците;

- Да се почитува јавниот интерес преку овозможување проветрување –аерација на градскиот простор;

- За градбите со намена домување во семејни куќи да се почитува соседското право, односно да не се намалува вредноста на земјиштето и вредноста на градбата на соседот, да се овозможи правото на осончување на градбата на соседот во зимскиот период најмалку еден час, да не се одзема правото на видик на соседот за градбите на коси терени (да не се попречува видикот), да се овозможи аерација на соседскиот простор;

- Правото на надградба подразбира зголемена висина за уште 1,6м од дозволената висина во деталниот урбанистички план, како и излегување на конструкцијата со проектираните димензии надвор од утврдената градежна линија. За планираните надградби да се предвиди рамномерна и правична распределеност на бројот на нивои во секоја четврт;

- Висините да бидат рамномерно нивелирани и усогласени при оформувањето на венците, без особени отстапувања за да не се нарушат силуетите на уличните фронтови.

- Висините на градбите зависат и од режимот на заштита на заштитените добра и од режимот на заштита на заштитените подрачја.

Согласно член 76 од Законот за воздухопловство (Службен весник на РСМ бр. 48/2020 - пречистен текст), заради Одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, потребно е,:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот, а која се наоѓа во рамки на рамнините за ограничување на препреки на аеродромот да не ја налминува елевацијата на соодветната рамнина (прилог во сообраќајниот и инфраструктурниот план).
- Плановите од пониско ниво, за одделните опфати кои се рамки на рамнините за ој раничување на препреки на аеродромот, пред нивно усвојување, да се достават на претходно мислење до Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Висините да се утврдат и врз основа на условеноста со плански утврдената максимална густината на населеност за секоја Четврт.

4.18. ПАРКИРАЊЕ

Член 48

Бројот на паркинг местата се утврдува на ниво на планска документација од пониско ниво, соодветно на планираните површини со дефинирана намена на земјиштето со овој План, а според стандардите и нормативите за секоја дефинирана намена на земјиштето. Паркирањето може да биде сместено подземно или надземно, при што надземната површина наменета за паркирање влегува во вкупната изградена површина.

4.19. УСЛОВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Член 49

За обезбедување услови за движење на лица со посебни потреби важат истите одредби од), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16)

4.20. УСЛОВИ ЗА УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО И ОЗЕЛЕНЕТОСТ

Член 50

Во урбанистичките услови, покрај другите, се вградуваат и следните услови за оформување на пејсажот во рамките на четврт:

- Долж примарната сообраќајна мрежа да се уреди појас на зеленило со садници од типот на грмушки и садници на листопадни дрва со височина до 6м, кои се карактеристични за локалитетот и опкружувањето. Растојанието меѓу листопадните дрва треба да овозможи формирање засенчен коридор за пријатно движење во летниот период (функционално заленило). • Просторот околу градбите и комплексот на градби во четврт, хортикултурно да се уреди согласно амбиенталните и пејзажните карактеристики на истата/иот.

- Зелените површини да се уредат врз основа издадени услови за градба, произлезени од утврдена урбанистичка документација од пониско ниво, која покрај другите фази обврзно ќе ја содржи фазата Хортикултура.

Да се почитува Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ 11/18) и неговите измени и дополненија.

4.21. ДРУГИ ОПШТИ УСЛОВИ

Член 51

Во дефинирање на урбанистичките параметри во четврт се пропишува и следното:

- *да се применат асеизмички конструктивни системи, отпорни на пожар;*

- *да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување*

или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;

- *да се применат квалитетни естетски материјали за завршна обработка на градбите;*

4.22. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ ВО СЕКОЈА ЧЕТВРТ

Член 52

Основа за изработка урбанистичка документација од пониско ниво за секоја четврт поединечно(со повеќе наменски употреби на земјиштето), утврдена во овој План, се Посебните услови за секоја четврт кои произлегуваат од истата во табеларен приказ со урбанистички параметри како нумерички показатели кои се Прилог кон Планската документација на крајот од истата.

4.23. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА СООБРАЌАЈОТ И ИНФРАСТРУКТУРАТА-СООБРАЌАЈНИОТ СИСТЕМ

Член 53

Покрај влезно-излезните правци кон Радовиш, Кочани и Велес, во делови наменети за Г- Производство дистрибуција исервиси и Мешана намена треба да се изградат паркинзи за товарни возила, автобуси и приклучни возила. Местоположбата на овие паркиралишта треба да се определи со планска документација од пониско ниво, но во рамките на комплексот наменет за сервиси и мало стопанство во кој е предвидена.

Овие паркинзи треба да се користат и како станици за технички прегледи на моторни возила, терминални површини и др.

Член 54

Стационарниот сообраќај т.е. прашањето за обезбедување на паркирни и гаражни места е обврска на локалната самоуправа и на сите корисници на земјиштето во рамките на опфатот на урбаното подрачје преку изготвување на планска документација од пониско ниво.

Член 55

Паркирните и гаражните места можат да бидат јавни или за потребите и во владение на поедини корисници на градскиот простор.

Член 56

Јавно паркирано или гаражно место е наменето за било кое патничко возило под услови што ги определува надлежниот орган на локалната самоуправа. Јавните паркирани и гаражни места се дел од јавните сообраќајни површини.

Член 57

Сите останати паркирани и гаражни места се наменети за потребите на субјектите во чие владение се наоѓаат, за потребите на нивните деловни соработници и други корисници, и не се сметаат за дел од јавните сообраќајни површини.

Член 58

Градбата на нови јавни паркинзи и гаражи треба да се врши според планска документација од пониско ниво и тоа првенствено во централното градско подрачје и неговата непосредна околина околина.

Член 59

Определување на простори за паркирање и запирање на возила се врши со проекти за сообраќај во постапка утврдена со закон, според критериумите дефинирани со планерските карактеристики и проектните услови и елементи на уличната мрежа, како и според стандардите и нормативите од областа на сообраќајот.

Член 60

Во подрачјето на Градот, утврдувањето на патишта и улици на кои се забранува сообраќајот за сите или за одделни видови возила, се врши со сообраќајни проекти за утврдување на условите и режимот на сообраќајот, во постапка утврдена со закон, а во согласност со планерските критериуми и проектните услови и елементи за градски улични мрежи.

Член 61

Начинот на вкрстосување на улиците од примарната сообраќајна мрежа во Градот Штип е дефиниран според утврдената категоризација, како и усвоените функционални нивоа.

Член 62

Кај крстосниците за кои во процесот на спроведување на планот ќе се обезбедат потребните сознанија и податоци може да се изврши измена на нивниот тип врз база на изготвена сообраќајна студија.

Член 63

Вкупната регулациска ширина на примарните сообраќајници не смее да се стеснува, како и ширината на коловозните ленти под пропишаниот минимум, додека ширините на останатите површини помеѓу регулационите линии по потреба може да се менуваат во согласност со важечките стандарди и нормативи, а врз база на изработена сообраќајна студија. Конкретизација на попречните профили на улиците од примарната улична мрежа ќе се изврши во рамките на регулациските линии на инфраструктурните коридори, со изработка на потребната проектна документација.

Член 64

Урбанистичките параметри за изградба на уличната мрежа да се според потребите на наменската употреба на земјиштето, а согласно стандарди и нормативи.

Во изготвувањето на планска документација од пониско ниво во условите за градба да се предвидат елементи на урбана опрема во функција на пешачките движења и лицата со посебни потреби.

Член 65

Координатите на пресечните точки на осовините, како и нивелетските точки со висински податоци се дадени со прецизност која одговара на подлоги во мерка 1:10 000. Наклоните на нивелетите се дадени помеѓу две пресечни точки.

При спроведувањето во планска документација од пониско ниво или при изработката на потребната проектна документација можни се отстапувања кои кои не треба да ги надминат дозволените толеранции за подлоги во мерка 1:10 000.

Во планска документација од пониско ниво или потребната проектна документација да се изврши висинско планирање на теренот, согласно Нивелманскиот план за уличната мрежа, како и да се дефинираат апсолутните висински коти на приземјата за секоја површина за градба во наменската употреба на земјиштето поединечно.

Член 66

Во планска документација од пониско ниво, долж примарната сообраќајна мрежа и долж сервисните улици може да се утврдат градежни парцели за бензински пумпи.

Член 67

Максималниот надолжен наклон за новопланираните сообраќајници треба да биде во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Максималниот наклон на новопланираните по исклучок може да се надмине на постојната улична мрежа , каде истиот може да биде поголем од дозволениот заради конфигурацијата на теренот. На постојните улици за постојните градби во планска документација од пониско ниво да се овозможи пристап до истите.

4.24. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

Член 74

Водоснабдителната норма за Градот за период до 2024 год изнесува 400 литри/ден/жител. Од оваа водоснабдителна норма се обезбедува вода за населението и стопанството и за лесната индустрија која во технолошкиот процес мора да користи санитарна вода.

Член 76

При изработката на планската документација од пониско ниво да се предвиди одделна водоснабдителната инфраструктура за санитарна вода и инфраструктура за поливање на зеленилото и миење на улиците.

Член 77

Реализцијата на планската документација од пониско ниво, односно изградбата на градбите да се одвива паралелено со изградбата на мрежите за водоснабдување и за поливање на зеленилото.

Член 78

Водата за поливање на зеленилото и миењето на јавните сообраќајни површини да се обезбедува од бунари или површински воводтеци.

Член 79

Локациите на бунарите за поливање на зеленилото и миењето на јавните сообраќајни површини ќе се одредат во рамките на планската документација од пониско ниво, а врз основа на проектна документација на ниво на основен проект со кој ќе бидат дефинирани капацитетот и типот на бунарот.

Член 80

Трасата на планираната примарна водоснабдителната мрежа треба да биде поставена во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 81

Градбата на новата примарна водоснабдителната мрежа ќе се утврди врз основа на проект за инфраструктура.

Член 82

Одводнителната норма за период до 2024 год. изнесува 90% од водоснабдителната норма.

Член 83

Интензитет на дождови од 110 л/сек/ха со појава еднаш во две години и времетраење од 20 минути, е меродавна вредност за димензионирање на атмосферската канализација во Градот Штип.

Член 84

При изработката на планска документација од пониско ниво да се предвиди сепарциска канализациска мрежа.

Член 85

Реализацијата на планската документација од пониско ниво, односно изградбата на градбите, да се одвива паралелно со изградбата на примарната и секундарната канализациска инфраструктура.

Член 86

Трасата на планираната примарна фекална и атмосферска канализациска мрежа треба да биде поставена во инфраструктурни коридори помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 87

Градбата на новата примарна канализациска мрежа ќе се утврди врз основа на проект за инфраструктура.

Член 88

Локацијата за локална пречистителна станица да се определи со планска документација од пониско ниво надвор од границите на Генералниот урбанистички план.

Член 89

При изработката на планската документација од пониско ниво да се обезбеди заштитен појас на регулираните порои со цел да се овозможи нивно непречено функционирање и одржување.

Член 90

На пороите на кои не се изведени регулациски работи, заштитниот појас ќе биде дефиниран врз основа на проектна документација на ниво на основен проект со кој ќе бидат дефинирани карактеристиките на речното корито;

4.25. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА КОМУНАЛНА ИНФРА И СУПРАСТРУКТУРА

Член 91

Со овој план треба да се обезбедат услови за доследно остварување на целите низ планските услови на планската документација на пониско ниво, чијашто основна цел треба да биде подигнување на нивото на уреденост на јавниот простор, елиминирање на дисфункционалните просторни солуции и дискрепанции помеѓу подрачјата со различен степен на уреденост и наголемување на степенот на урбаност на градскиот простор, како и обнова и дооформувањето на постојната територија на Градот или на неговото ширење во околниот простор, треба да обезбедат унапредување на степенот на урбанистичко уредување, на стопанисувањето со градскиот простор и на вкупната репродукција на Градот.

Член 92

Во планската документација од пониско ниво треба се обноват и дооформат веќе зафатените меморијални простори - гробишта, со:

- примена на современите стандарди при планирање и димензионирање на локациите за уредување на простори со оваа намена;

- утврдување на површини за проширување на постојните локации и нивно етапно и целосно ставање во функција на основната намена; дооформување на постојните гробишта со изградба на инфраструктура и придружни градби;

- обезбедување на максимални стандарди и услови за новопланираните локации од аспект на сообраќаен и друг вид на инфраструктура како и друг вид еколошки, здравствено-санитарни, амбиентални и хидро-геолошки решенија кои ќе ги задоволат потребите за наредниот период од 100 години.

Член 93

Планските определби треба да се насочат преку планската документација од пониско ниво кон дефинирање на стратешки цели / сценарија за идниот развој на Градот, а кои треба да се реализираат во Генералниот урбанистички план како основни програмски цели од комуналните дејности од областа на цврст отпад – депонии (управувањето со неопасниот отпад / комунален, градежен шут, индустриски и инертен со отстранување и депонирање) со:

- обезбедување на оптимално функционирање на базичната инфраструктура за интегрирано управување со комуналниот отпад и другите видови неопасен отпад;

- трајно елиминирање на дивите депонии и рекултивација на исчистениот простор;

- утврдување просторна шема и капацитети со локации за селективно собирање заради рециклирање, домашно компостирање и централизирано компостирање:

Член 94

Планските определби во управувањето со отпадот во планската документација од пониско ниво треба да се насочат кон справување со проблемите и постигнување на континуирани подобрувања во интегрираниот пристап кој го обезбедуваат многуте учесници во процесот: јавноста, стопантвото, надлежните органи на сите нивоа,согласно законската регулатива за системот за управување со отпадот и одстранување со депонирање.

4.26. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОСНАБДИТЕЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 95

Планирањето на новите надземни градби во електроенергетската инфраструктура треба да биде според локациите во четвртите каде се поставени и соодветните симболи.

Член 96

Изборот на точната локација за новите трафостаници ќе се утврди со планска документација од пониско ниво.

Член 97

Трасите на планираните примарни електроенергетски водови треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори по можност помеѓу регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 98

Градбата на новите преносни и дистрибутивни мрежи (примарни водови) ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Член 99

Градбата и реконструкцијата на преносната и дистрибутивна мрежа треба да се изврши такашто во целост треба да се почитува: "Правилникот за технички нормативи за изградба на надземни електроеенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV", како и правилниците за **Мрежни правила за пренос на електрична енергија** кој ја регулираат оваа материја.

Член 100

Во проектите за инфраструктура, инфраструктурните коридори за поставување на надземните и подземни електроводови, треба да бидат со следниве димензии:

При разработката во плановите од пониско ниво заделжително да се почитуваат одредбите за заштитни растојанија дефинирани во Службен весник на РМ, бр. 191 од 17.9.2019 година посебно во членот 138 и тоа:

Заштитен појас

(1) Површината и просторот. под, над и покрај дистрибутивните електроенергетски објекти, потребен за просторно лланирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи односно да се гради без согласност на ОДС претставува заштитвен појас на дистрибутивните елвктроонергетски објекти.

(2) Ширина на заштитениот појас изнесува:

1) 20 метри од оската на изводот, за надземен вод со номинален напон 110 kV
2) 15 метри од оската на изводот, за надземен вод со но-иинален напон од 35 kV
3) 10 метри од оската на изводот. за иадзе?/ен вод со ноиинален напон од 1 kV до 20 kV
4) 6 метри од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напон 110 kV
5) 3 метри од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напод од 35 kV
6) 1 метар од оската на изводот, за подземен кабелски вод со номинален напон од 1 kV до 20 kV
7) 15 метри од надворешниот раб на оградата или ѕидот. за трзноформаторска станица со номинапен напон 110 kV и 35 kV
8) 2 метри. за трансформаторска станица и раводна постојка со номинален налон од 1 к kV до 20 kV, освен трансформаторски станици и разводни постројки чија опрема е вградена во посебни простории на зграда.

(3) За кабелски подземни водови, ширината на заштитениот појас. се однвсува и на работи кои се изведуваат под површината на земјата.

(4) Во случај на градба на објект. односно постројка и инсталации на корисник на дистрибутивната мрежа како и изведување на други работи внатре во заштитниот појас, неопходно е корисникот да поднесе барање до ОДС за издавање на посебни услови, односно ОДС да издаде писмена согласност со цел обезбедување на безбедност на електроенергетскиот објект, градбата, имотот, луѓето и животните.

(5) Со барањето за издавање на посебни услови, односно согласност за изаедување на работи внатре во заштитениот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната документација врз основа на која го планира изведувањвто на овие работи.

(6) ОДС е должен на подносителот на барањето од став (4) од овој член, да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(7) Условите за изведување на работи во заштитениот појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и интерните технички акти на ОДС, кои ги уредуваат техничките услови на изградба. погон и одржување на мрежата.

(8) Кзведувачот на работите е должен навремено да го извести ОДС за точното време на отпочнување и лланот за реализација на работите. согласно издадените услови односно согласноста на ОДС.

(9) Зафати во заштитвн лојас се спроведуваат во согласност со пропишаните посебни услови односно издадената согласност за изведување на работитв.

Исто така треба да се почитуваат и одредбите за водовите на МЕПСО од правилникот за Мрежни правила за пренос на електрична енергија дефинирани во Службен весник на РСМ, бр. 04 од 10.01.2022 година посебно во членот 224 и тоа:

(11)Површината и просторот, под, над и покрај постоечките електропреносни електроенергетски објекти, неопходен за просторно планирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи, односно да се гради без согласност на МЕПСО, претставува заштитен појас на електропреносниот електроенергетски објект.

(12) Ширина на заштитениот појас изнесува:

1) 15 м од оската на надземен вод со номинален напон од 400к\/;
2) 10 м од оската на надземен вод со номинален напон од 110 к\/;
3) 7 м од оската на надземен вод со номинален напон од 35 к\/;
4) 1,5 м од оската на подземен кабелски вод со номинален напон пок\/;
5) 5 м од надворешниот раб на оградата или ѕидот, за трансформаторска станица со номинален напон 400 к\/ и 110 к\/.

(13) За кабелски подземни водови ширината на заштитениот појас се однесува и на работи кои се изведуваат под површината на земјата.

(14) Во случај на градба како и изведување на други работи внатре во заштитениот појас, корисникот/сопственикот, овластено правно лице или јавна институција, неопходно е да поднесе барање до МЕПСО за издавање на заштитни мерки, односно МЕПСО да издаде писмена согласност соодветно на поднесеното барање.

(15) Со барањето за издавање на согласност, односно согласност за изведување на работи внатре во заштитениот појас, подносителот на барањето е должен да ја приложи соодветната проектна документација врз основа на која го планира изведувањето на работите, извод од урбанистички план и/или имотен лист за имотот.

(16) МЕПСО е должен на подносителот на барањето од став (4) од овој член да му одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(17) Заштитните мерки за изведувањето на работи во заштитениот појас се определуваат во согласност со одредбите од посебните закони, прописи, норми, правила на струката и интерните технички акти на МЕПСО, кои ги уредуваат техничките услови на изградба, погон и одржување на мрежата.

(18) Изведувачот на работите е должен навремено да го извести МЕПСО за точното време на отпочнување и планот за реализација на работите, согласно издадените услови, односно согласноста на МЕПСО.

(19) Активности во заштитен појас се спроведуваат во согласност со пропишаните заштитни мерки односно издадената согласност за изведување на работите.

(20) МЕПСО има право во заштитениот појас да превзема дополнителни мерки и активности за одржување, сечење на вегетација и други слични активности, во случај ако оцени дека истите се потребни за безбедно функционирање на електропреносниот систем, заштита од пожар, заштита на природата и сл.

При реализација на ГУП Штип треба да се обезбеди непречен сообраќаен пристап до тафостаниците на МЕПСО и ЕВН. Истото може да се решава во склоп на Планови од пониско ниво или со соодветна проектно планска документација (Инфрастриктурни Проекти).

Член 101

Предвидени се следниве коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност за:

- домување 1kW/жител
- комерцијални и деловни и јавни институции 193kW/ha
- тешка и загадувачка индустрија 474kW/ha
- лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта 293kW/ha
- зеленило и рекреација и инфраструктура 15kW/ha

Член 102

Во планската документација од пониско ниво, при планирање на електромрежата се дозволува каблирање на постојните преносни и дистрибутивни надземни водови.

4.27. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

лен 103

Планирањето на новите надземни градби во комуникациската инфраструктура треба да биде на според локациите во четвртите каде се поставени и соодветните симболи.

Член 104

Изборот на точна локација на надземните електронски комуникациски градби (новите базни станици, простории за активна опрема, поштенски единици и др.) ќе се изврши со планска документација од пониско ниво.

Член 105

Се дозволува поставувањето на новите базни станици за мобилна телефонија да биде регулирано со планска документација од пониско ниво, при што треба да се запази позитивната законска регулатива во однос на нивното штетно влијание врз животната средина и регистрираното и евидентираното природно наследство.

Член 106

Планираните примарни електронски комуникациски мрежи треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулацискиите линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 107

Трасите на планираните електронски комуникациски водови ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

4.28. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГАСИФИКАЦИСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 108

Трасите на планираните примарни гасоводи треба да бидат поставени во инфраструктурни коридори помеѓу регулацискиите линии на примарната сообраќајна мрежа.

Член 109

Изградбата на новите примарни водови ќе се утврди врз основа на проекти за инфраструктура.

Член 110

Точната локација за новите гасни мерно-регулациски станици во рамките на четвртите ќе се утврди со планска документација од пониско ниво.

Член 111

Приоритет за поврзување на градската гасоводна мрежа треба да се даде на оние четврти каде домаќинствата не се поврзани на централниот топлификациски систем.

Член 112

Изградбата на примарната гасоводна мрежа треба во целост да ги почитува "Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до13 бари" (Сл.весник бр.100/2009 година).

Член 113

Минималната длабочина на поставување на гасоводот изнесува:

- во нормални услови - 0,8 м до горниот дел на цевката;
- при вкрстување со други инфраструктурни водови може да се дозволи намалување на длабочината на поставување до 0,6 м;
- во каменита почва не помалку од 0,5 м.

Член 114

Минималните дозволени растојанија на гасоводот од најблискиот раб на цевката на гасоводот до најблискиот раб на темелот на градбата во зависност од притисокот, изнесуваат:

Притисок на гасот во гасоводот (bar)	Минимално дозволено растојание (m)
до 1,05	1,00
од 1,05 до 7	2,00
од 7 до 13	3,00

Растојанијата може да бидат и помали со преземање на поголеми заштитни мерки (поголема дебелина на ѕидот на гасоводот, материјал со поголема цврстина, поставување на гасоводот во заштитна цевка итн.).

4.29. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 115

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на новопредвидените содржини во четвртите, потребно е да се почитуваат услови те пропишани во Законот за животната средина и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Член 116

Во фазата на изградба во четвртите да се користат еколошки прифатливи градежни материјали. По завршување на градежните активности во секоја четврт потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од терените, со цел да се избегнат дополнителни економски трошоци заради потребите од нејзина дислокација. По завршување на активностите, шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

Член 117

По завршување на градежните активности во четвртите да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини.

Член 118

Задолжително постапување со посебните видови отпад во четвртите согласно постојната законска регулатива:

- Правилник за начинот на постапување со отпад од азбест и со отпад од производи кои содржат азбест (Сл.в. на РМ бр.89/06)
- Правилник за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и градбите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ (Сл.в. на РМ бр.48/07)
- Правилник за начинот на постапување со медицински отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад (Сл.в. на РМ бр.146/07)
- Правилник за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците (Сл.в. на РМ бр.156/07)
- Правилник за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад (Сл.в. на РМ бр.15/08)
- Правилник за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата, содржината и начинот на доставување податоци (Сл.в. на РМ бр.108/09)
- Правилник за начинот на постапување со отпадните гуми, како и условите кои треба да ги исполнуваат правните и физички лица кои увезуваат употребувани гуми (Сл.в. на РМ бр.108/09)
- Правилник за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористени возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата (Сл.в. на РМ бр.108/09)
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и градбите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ (Сл.в. на РМ бр.130/09)
- Исправка на Правилникот за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата,

содржината и начинот на доставување податоци (Сл.в. на РМ бр.108/09) „Службен весник на Република Македонија “ бр. 142/09 од 25.11.2009 год.

- Правилник за изменување на правилникот за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите, сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористените возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата(*) „Службен весник на РМ“ бр. 164/10 од 20.12.2010 год.
- Правилник за начинот на водење како и формата и содржината на обрасците на базата на податоци за следење на повторната употреба и преработка на искористените возила и на целите кои треба да се постигнат со повтбр. 74/11 од 02.06.2011 год.
- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозволата односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за трговија со неопасен отпад „Службен весник на РМ“ бр. 129/11 од 23.09.2011 год.

4.30. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Член 119

Режимот за заштита на недвижното културно наследство во Генералниот урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторските основи за културно наследство (Законот за заштита на културно наследство, Сл.Весник на Р.М. број 74/04, 115/07, 18/11, 148/2011, 23/13, 137/13, 164/13, 44/14), односно дека со заштитата во планскиот опфат се дефинирани зоните според степенот на заштита и тоа:

1. Сообраќајната инфраструктура не смее да навлегува во површините на заштитените добра, ова особено се однесува на ул. „Гоце Делчев" и ул. „Ванчо Прќе", додека улиците кои поминуваат низ контактните зони на споменичките целини треба да бидат со прилагоден профил и да не влијаат негативно на добрата.
2. Не треба да се создаваат нови градежни зони на констатирани археолошки локалитети.
3. За споменичките целини, споменичка целина „Ново село", треба да бидат изработени детални урбанистички планови во границите на споменичката целина.
4. За споменичката целина „Ново село" каде е предвидена група на класа на намена А, дозволено е само класа на намена А1 - домување во станбени куќи.
5. Постојните урбанистички планови кои имаат негативен пристап кон културното наследство да се усогласат со режимот на заштита од актите за заштита и заштитно конзерваторските основи за Генералниот урбанистички план.

Член 120

Мерките за заштита за овој Генерален урбанистички план (ГУП) обврзно треба да се применуваат според условите наведени во заштитно-конзерваторските основи

4.31. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 121

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14 и 104/15), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
- регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
- изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
- обезбедување на противпожарни пречки;
- изградба на објекти за заштита и
